ПЕЛИСТЕРКА
АД СКОПЈЕ

Ул.Булевар Кочо Рацин бр.97 Скопје Центар

Покровител на котација
Брокерска куќа
ИНОВО БРОКЕР АД СКОПЈЕ

ПРОСПЕКТ

АПРИЛ, 2013 година

ПРОСПЕКТ

ПЕЛИСТЕРКА АД СКОПЈЕ

Друштво за производство и трговија ПЕЛИСТЕРКА АД Скопје, кратко име ПЕЛИСТЕРКА АД Скопје, шифра на приоритетна дејност 11,07 со седиште во Скопје, ул.Булевар Кочо Рацин бр.97 Скопје Центар , запишано во Основниот суд во Битола под Срег.бр. 630/89, запишано во регистарска влошка на Основниот суд Скопје 1 Скопје број 02043386?-4-03-000

Котација на акциите на ПЕЛИСТЕРКА АД Скопје на Официјалниот Пазар на Македонска Берза АД Скопје-подсегмент Задолжителна котација.

До Македонска Берза АД Скопје е доставено барање за котација на Официјалниот Пазар на ПЕЛИСТЕРКА АД Скопје-подсегмент-Задолжителна котација. Номинална вредност на акцијата на ПЕЛИСТЕРКА АД Скопје изнесува 51 ЕУР. Барањето за котација се однесува на следните родови на акции:

- 41402 обични акции со право на глас,
- 8778 приоритетни акции во сопственост на Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, кои со продажба се трансформираат во обични акции.

Пред котацијата на Официјалниот Пазар на Македонска Берза АД Скопје, со акциите на ПЕЛИСТЕРКА АД Скопје се тргувало на Редовен Пазар-пазар на АДПОИ на Македонска Берза.

Покровител на котацијата

Брокерска куќа

ИНОВО БРОКЕР АД Скопје

Ул.Теодосиј Гологанов 60/1 кат 2 Скопје

Ул. Васко Карангелевски□бб,реонски пазар кат 1 локал 112 Битола

И З Ј А В А

НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

Одборот на Директори на издавачот

Пелистерка АД Скопје

ја прифаќа одговорноста за содржината на овој Проспект:

Според нашите уверувања и согласно нашите сознанија и податоци со кои располагаме,под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавувам дека сите податоци од овој Проспект сочинуваат целосно и вистинито прикажување на имотот и обврските, добивката и загубите, финансиската и деловната состојба на издавачот, правата содржани во хартиите од вредност и дека не се изоставени податоци кои би можеле да влијаат на целовитоста и вистинитоста на овај Проспект.

Проспектот е изготвен согласно Правилникот за котација на хартии од вредност на Македонска Берза АД Скопје и Законот за хартии од вредност ,како и Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност (Службен весник на Република Македонија број 13од 23 Јануари 2013 година).

Покровител на котација е Брокерска Куќа ИНОВО БРОКЕР АД СКОПЈЕ
Овластен ревизор на годишните сметки за 2011 и 2012 год е КНИ-ПРОКОМ Друштво за ревизија и проценка Прилеп ,ул.Крушевска бр 21 Прилеп.

Проспектот не претставува ниту понуда за продажба, ниту повик за купување на акциите на ПЕЛИСТЕРКА АД Скопје. Проспектот не смее да се смета за препорака за купување на акции на ПЕЛИСТЕРКА АД Скопје, а секој потенцијален инвеститор се упатува на сопствена проценка на финансиската состојба и работењето на ПЕЛИСТЕРКА АД Скопје.

Претседател на Одбор на Директори

_____

Илко Димтриески

СОДРЖИНА

1. ОПшТИ ПОДАТОЦИ И ПОДАТОЦИ ЗА КАПИТАЛОТ НА ПЕЛИСТЕРКА АД СКОПЈЕ

1.1. Име, седиШте и регистрација на Пелистерка АД Скопје 1

1.1.1 Овластени банки и сметки на издавачот 1

1.2. Краток историјат за настанувањето и развојот на Пелистерка АД Скопје 1

1.3. Износ на вкупен капитал, пооделни родови на акции со нивни главни карактеристики, бројот и вкупната номинална вредност 2

1.4.Промени во структурата на капиталот за 2011 и 2012год 2

2. ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПЕЛИСТЕРКА АД СКОПЈЕ 3

2.1. Опис на дејноста и организацијата на Пелистерка АД Скопје 3

2.2.Организациска шема 4

2.3. Производни капацитети и остварено производство и приходи од продажба во 2010, 2011, и 2012 год. 4

2.4. Опис на значајни инвестиции во основни средства и вложувања во хартии од вредност на Пелистерка АД Скопје 6

3. УПРАВУВАЊЕ И ВРАБОТЕНИ 6

3.1. Собрание на акционери 6

3.2. Одбор на директори 6

3.3. Менаџмент 8

3.4. Вработени и нивна квалификациона структура 9

4. ОСНОВНА ГЛАВНИНА 9

4.1. Број на акции по видови и број на акционери 9

4.2. Право на глас 10

4.3. Сопственичка структура 10

4.4. Број и учество на акциите Што ги поседува менаџерскиот тим 11

4.5. Акционери кои поседуваат над 5% од акциите со право на глас 11

5. ДОСЕГАшНО ТРГУВАЊЕ СО АКЦИИТЕ НА ПЕЛИСТЕРКА АД СКОПЈЕ 11

6. РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА НА ПЕЛИСТЕРКА АД СКОПЈЕ 13

7. ДИВИДЕНДА И ПОЛИТИКА НА ДИВИДЕНДА 13

8. ОСВРТ НА СТАТУТОТ НА ПЕЛИСТЕРКА АД СКОПЈЕ 13

9. ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕЛЕВАНТНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПЕЛИСТЕРКА АД СКОПЈЕ 15

9.1. Судски процеси и постапки 15

9.2. Имот даден под хипотека 16

10. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ИНВЕСТИТОРИТЕ 16

11. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ 17

12. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕшТАИ ЗА 2011 и 2012 г., СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И БЕЛЕшКИ (ОБЈАСНУВАЊА) КОН ИЗВЕшТАИТЕ 18

1. ОПшТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПЕЛИСТЕРКА АД СКОПЈЕ

1.1. Име, седиШте и регистрација на Пелистерка АД Скопје

Друштвото за производство и трговија "ПЕЛИСТЕРКА" АД - СКОПЈЕ е основано со трансформација на претпријатието во општествена сопственост Агроиндустрискиот комбинат "ЛОЗАР" од Битола запишано со Решение на Окружниот стопански суд во Битола под Срег.бр. 630/89, запишано во регистарска влошка на Основниот суд Скопје 1 Скопје број 02043386?-4-03-000, со Решение Трег.4180/2001 од 24.12.2001 год. Запишано како Друштво за производство и трговија "Лозар-Пелистерка "АД Скопје , со примена на моделот Продажба на претпријатието на лица кои го преземаат управувањето и водењето на работите на претпријатието.
Скратен назив е Пелистерка АД Скопје, со седиште на Ул. Булевар Кочо Рацин бр.97 Скопје-Центар, Центар.

1.1.1 Овластени Банки и сметки на Издавачот

Овластени Банки и сметки на издавачот Пелистерка АД Скопје се

сметка број 210-0401087601-58 во Тутунска банка АД Скопје
сметка број 200-0014627714-38 во Стопанска банка АД Скопје
сметка број 500-0000003096-51 во Стопанска банка АД Битола
сметка број 530-0101013990-77 во Охридска банка АД Охрид

1.2. Краток историјат за настанувањето и развојот на Пелистерка АД Скопје

Во 1968 година- организацијата го проширува своето производство со производство на минерална вода и CO_2. во.с. Меѓитлија.
Организацијата минува низ неколку реорганизации, така што во 1976 година се организира во Работна организација без работни единици.
Во 1993 година е направено прилагодување на постоечкиот закон и го добива името Агроиндустриски комбинат " Лозар" Битола.
Со трансформацијата на општествениот капитал во приватен **АИК ЛОЗАР-Битола** на 24.12.2001 година се трансформира во приватно Акционерско друштво со 100% акционерски капитал, под името Друштво за производство и трговија **Лозар Пелистерка АД** Скопје.
Денес, производството на минерална вода се обавува во производствен погон лоциран во с. Меѓитлија, непосредно до грчката граница.
Винарската визба е лоцирана на влезот во Битола.
Во 2008 год. **Пелистерка АД Скопје.** започна со производство и на газирани и негазирани сокови.
Во 2009 година **Пелистерка АД Скопје.** го воведува системот за управување со контрола на квалитет ISO 9001/2008 и HACCP.

Во 2009 година **Пелистерка АД Скопје.** започна со производство и на негазирана минерална вода под брендот ОБИЧНА. Водата по својот избалансиран состав на минерали е само продолжение на квалитетот на Пелистерка.
Во 2010 **Лозар Пелистерка АД Скопје** го промени името во **Пелистерка АД Скопје**.
Компанијата дизајнираше сопствено заштитно шише, кое ги задоволува барањата и на најпребирливите потрошувачи. Убавиот модерен дизајн и врвниот квалитет, само ја продолжуваат традицијата на доминатност на пазарот во Македонија. Во погонот во Меѓитлија започна да функционира уште една линија за полнење на стаклена амбалажа, со што ќе можат да се задоволи растечката побарувачка на потрошувачите.

1.3. Износ на вкупен капитал, пооделни родови на акции со нивни главни карактеристики, број и вкупна номинална вредност

Вкупниот капитал на Друштвото изнесува 2.559.180,00 ЕВРА во денарска противвредност *и тоа:*

- 2.111.502,00 ЕУР акционерски капитал по акционерска книга односно акции со право на глас што изнесува 82,51 % од основната главнина.
- 447.678,00ЕУР капитал- приоритетни партиципативни акции на Фондот за Пензиско и инвалидско осигурување на Македонија што изнесува 17,49 % од основната главнина.

Вкупниот капитал на друштвото е поделен на 50180 акции со номинална вредност 51 ЕУР.

Структура на капиталот на Пелистерка АД Скопје:

Ред. Бр.	Структура	Род на Акции	Број на акции	Износ во евра	Учество во основниот капитал
1.	Акционерски капитал	обични	41.402	2.111.502	82,51
2.	Фонд за ПИОМ	приоритетни	8.778	447.678	17,49
	Вкупно:		50.180	2.559.180	100%

1.4 Промени во структурата на капиталот за 2011 и 2012 год

Сопственичката структура на капиталот на Друштвото покажува еднаков однос на Акционерите од оснивањето на Друштвото до крајот на 2012 год. Поголема промена е во 2012 год. Со купување на 3.790 акции од страна на ДКУ Синерџи инвестмент ДОО Скопје , со што ДКУ Синерџи инвестмент ДОО Скопје стана сопственик на 7,55% .Тоа значи дека во Друштвото нема значајни промени во структурата на капиталот.

2. ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПЕЛИСТЕРКА АД СКОПЈЕ

2.1. Опис на дејноста и организацијата на Пелистерка АД Скопје

Во рамките на предметот на работењето приоритетна дејност на друштвото е производство на освежителни пијалоци; производство на минерална вода и друга флаширана вода. Покрај производството на освежителни пијалоци, минерална вода и друга флаширана вода Пелистерка АД Скопје е регистрирано и за врШење на повеќе дејности согласно член 10 од статутот на друштвото.

Инсталиран капацитет на друШтвото во производство на ПЕТ амбалажа е 10000литри/час, а во производство на стаклена амбалажа 8000литри/час.

Искористеноста на капцитетот на линијата за ПЕТ амбалажа е околу 85%, а на линијата за стакло се движи околу 80%.

Суровините и репророматеријалите друШтвото ги набавува претежно од Хрватска, Бугарија, Србија, Грција, Италија, и Македонија.

ДруШтвото за успеШно изврШување на своите активности располага со квалификуван стручен кадар и тоа:

1.ВСС Економски факултет - 3 (1 Магистер на еконмски науки),ВСС МаШински факултет 4,ВСС Технолог 4,ВСС Хемичар 1,ВСС Правен 1 ,ВСС Социолог 1,ВСС Француски 1, ВСС Филолог 1,ВСС Биотехнолог 1, ВСС Дипл.инж.агроном 1 (со 31.12.2012) сега не е повеке .

ВШС Економска 4, ВШС Електро факултет 1,ССС МаШински смер 6, ССС Електро смер 5 ,ССС Останати 29,ССС со три години 5, Основно 13
НКВ 2 .

ТехнолоШкиот процесс на производство е најсовремен со увозни маШини од најнов тип и најквалитетни увозни суровини и репроматеријали. ТехнолоШкиот процесс започнува со сирова вода која,потоа се врШи сепарација на ЦО2, и преку цевки се транспортира до современ систем на обработка на вода . Понатаму водата минува низ микрофилтрација и се носи на linija za polnenwe. Готовиот производ се етикетира, се става датум и се носи до паковалка каде се пакува во пакетчиња со термофолија и од таму се носи на палетизер каде се стречираат со стреч фолија.

Готовиот производ оди во магацин за готов производ од каде се дистрибуира кај купувачите -овластени дистрибутери -кои понатаму врШат продажба .

Организацијата на работењето на Друштвото се остварува во согласност со карактеристиките и потребите на процесот на работа, а се врши преку глобални организациски делови: сектори одделенија, работни единици и служби.

За успеШно изврШување на својата дејност Пелистерка АД Скопје ја има следнава организациона Шема:

2.2. Организациска шема



2.3. Производни капацитети , остварено производство и приходи од продажба во2010, 2011, и 2012 год.

Пелистерка поседува современи производствени капацитети И тоа:
Линија за полнење на вода И сокови во ПЕТ амбалажа со капаците 12.000 бпх
Линија за полнење на вода И сокови во стаклена амбалажа со капацитет од 10.000 бпх
Линија за полнење на вода во големи пакувања од 19л

Во последните три години пелистерка има остварено производство

Остварено производство	**2010**	**2011**	**2012**
Минерална вода	22.172.783	26.454.772	26.977.205
Сокови	4.137.631	3.778.578	4.003.223
Вкупно	**26.310.414**	**30.233.350**	**30.980.428**

Од горенаведениот преглед може да се согледа дека сите производи се стабилни на пазарт во последните 3 години. Кај повеќето од нив има постојан раст. Стапките на движење се резултат на продажната и маркетинг политика на компанијата.

Што се однесува до остварените приходи од продажба, се следните

Приходи од продажба	**2010**	**2011**	**2012**
Грозје	17.996.721	6.316.600	151.686
Вишна	8.591.828	8.916.100	18.293.664
CO2	16.262.455	16.531.080	28.505.564
Вино и вински дестилат	23.910.800	16.556.840	49.366.380
Минерална вода и сокови	330.197.571	376.335.080	375.248.315
Магацин ладилник	1.284.725	1.045.910	1.415.342
Друго	100.801.297	40.884.860	16.843.319
Вкупно	**499.045.397**	**466.586.470**	**489.824.270**

што се однесува до приходите остварени во последните три години може да се заклучи дека:

- Приходите од минерална вода И сокови се стабилни
- Приходите од грозје се намалуваат Шго се должи на временските прилики и приносите
- Приходите од виШна се зголемени поради добрите приноси И добрата цена на берза
- Приходите од вино варраат согласно количината на суровина И плановите за откуп И производство, кои исто така зависат од понудата И побарувачката на пазарот за тековната година.
- Приходите од ЦО2 константо растат
- Приходите од ладилник се постојани И скоро на исто ниво

Во продолжение се прикажани најголемите десет купувачи во последните три години:

Најголеми купувачи	2012	2011	2010
Еуро дистрибуција С	131.599.000	128.963.000	124.118.000
Сеј пром Охрид	46.167.000	51.566.000	46.518.000
Зодрам Битола	31.730000	38.922.000	42.151.000
Земјоделци Прилеп	22.748.000	27.428.000	29.249.000
Компир МБ Тетово	39.583.000	36.771.000	28.771.000
Кристина Скопје	24.381.000	22.860.000	22.200.000
Калипсо Гевгелија	15.156.000	15.961.000	11.372.000
Оскар М Струмица	10.509.000	11.708.000	11.232.000
АС сенак Кичево	15.954.000	16.403.000	11.110.000
ТД Кавадарци	7.482.000	7.195.000	8.843.000

2.4. Опис на значајни инвестиции во основни средства и вложувања во хартии од вредност на Пелистерка АД Скопје

Во 2010-та година се инвестираа 75.051.000 денари во градежи и опрема, и тоа се однесува на новата линија за производство на минерална вода во стакло а исто така се инвестираа и 50.187.000 денари во амбалажа за минерална вода во стакло
Во 2011-та година има инвестиции од 6.222.000 ден и мали надополнувања на постоечките капацитети.
Во 2012-та година има инвестиции од 35.833.000 И се однесува претежно на изградба на нов акцизен склад во Медитлија И нов компјутерски софтвер.

3.УПРАВУВАЊЕ И ВРАБОТЕНИ

Управувањето со Друштвото е организирано според едностепен систем на управување.

Органи на Друштвото се:

- Собрание на акционери и
- Одбор на директори

3.1. Собрание на акционери

Собранието на акционери е највисок орган кој го сочинуваат сите иматели на акции. На секој акционер запишан во акционерската книга му припаѓа правото на учество во работата на собарнието и право на гласање. Акционерите правото на глас го остваруваат според бројот на акциите Шго ги имаат.Во работата на Собранието учествуваат акционерите лично или преку застапници. Собранието ги донесува одлуките со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието.
Собранието на Друштвото ги извршува работите согласно член 24 од статутот.

3.2. Одбор на директори

Членовите на Одборот на Директори ги именува и разрешува Собранието, со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието. Мандатот на членовите на Одборот на директори е шест години. Едно лице може да биде избрано за член на Одборот повеќе пати.
Одборот на Директори на Друштвото брои осум членови. Од вкупниот број на членови шест се неизвршни и два извршни. Членовите на Одборот на Директори од своите редови бираат двајца извршни директори.
Одборот на директори има најшироки овластувања за дејствување во сите околности во име на Друштвото во согласност со Законот, Статутот и изричити овластувања дадени од Собранието. Одборот на директори ги извршува работите по чл 47 од статутот на дрштвото.

Членови на Одборот на Директори на Пелистерка АД Скопје се:

Извршни членови

1. Дејан Панделески
2. Весна Белешовска-Бутеска

Кратка биографија на извршните членови

1. ДЕЈАН ПАНДЕЛЕСКИ со место на живеење на Ул. 50-та Дивизија бр.26/2-25 Скопје , Со ЕМБГ 0509978430015 , со стручна подготовка ВСС Економски факултет , вработен во ДПТ Пелистерка АД Скопје од 01.09.2004 год. досегашен Член на Одбор на директори , на функција Извршен директор на ДПТ Пелистерка АД Скопје ,- Извршен член
Сопственик на 161 акција од Пелистерка АД Скопје
Сопственик на 50% од ТИМ ДОО Скопје
Член на Управен одбор во Жито полог АД Тетово
Член на Наздорен одбор во Стопанска банка АД Битола

2. ВЕСНА БЕЛЕШОВСКА БУНТЕСКА со место на живеење на Ул.50-та Дивизија бр.26/1-6 Скопје Со ЕМБГ 0305973455090 со стручна подготовка ВСС Економски факултет , на функција Извршен директор на ДПТ Пелистерка АД Скопје ,- Извршен член
Член на Управен одбор во ЗК Пелагонија АД Битола
Жито полог АД Тетово

Неизвршни членови

1. Илко Димиртиески
2. Аница Главевска
3. Златко Талески
4. Зоран Илоски
5. Снежана Панделеска
6. Димитар Митревски

Кратка биографија на неизвршните членови

1.ИЛКО ДИМИТРИЕСКИ со место на живеење на Ул.50-та Дивизија бр.26/2-18 Скопје Со ЕМБГ 1807952430003 со стручна подготовка ССС , пензионер , на функција Неизвршен член на Одборот на директори - Претседател на Одборот на директори на ДПТ Пелистерка АД Скопје -Неизвршен член

2. АНИЦА ГЛАВЕВСКА со место на живеење на Ул.Партизанска бр.49-13 Битола Со ЕМБГ0310960415034 со стручна подготовка ВШС Економски факултет И степен вработена во ДПТ Пелистерка АД Скопје , на функција Финансов раководител ,- Неизвршен член

3. ЗЛАТКО ТАЛЕСКИ со место на живеење на Ул.Карпош бр.6/2-1 Битола Со ЕМБГ 1006964440044 со стручна подготовка ВСС Дипломиран машински инжинер , вработен во ДПТ Пелистерка АД Скопје , на функција Директор на производство во Меџитлија ,- Неизвршен член

4. ЗОРАН ИЛОСКИ со место на живеење на Ул. Лазо Трпоски бр.16 Со ЕМБГ 0702964430009 со стручна подготовка ВСС Правен факултет , вработен во Пелагонија Полог ДОО Скопје ,- Неизвршен член
Член на Управен одбор во Пелагонија полог ДООЕЛ Скопје

5 .СНЕЖАНА ПАНДЕЛЕСКА со место на живеење на Ул. Димитар Влахов бр.47 Охрид Со ЕМБГ 0712980435008 со стручна подготовка ВСС Економски факултет . Сестра на извршен член на Одбор на директори Дејан Панделевски. Неизвршен член .

6. ДИМИТАР МИТРЕВСКИ со место на живеење на Ул. Партизанска бр. 57-14 Битола Со ЕМБГ 0811978410004 со стручна подготовка ССС вработен во Пелистерка транс ДООЕЛ Скопје ,- Неизвршен член
Сопственик на 318 акции од Пелистерка АД Скопје

-Ниту еден од членовите на Одборот на Директори на Пелистерка АД Скопје, не биле членови на Одбор на Директори, Управен или Надзорен одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години.
-На ниту еден од членовите на Одборот на дректори на Пелистерка АД Скопје, не им е изречена мерка на безбедност забрана за вршење професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на Пелистерка Ад Скопје во последните пет години.
-Не постои податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членовите на Одборот на дректори на издавачот ги имаат кај издавчот и нивните приватни интереси. (член 349 ЗТД)
-Не постои податок за постоење договор за соработка помеѓу членовите на одборот на дректори на Пелистерка АД Скопје и големите акционери, клиентите,добавувачите и други лица врз основа на што било кое од овие лица било избрано за член на Одборот на Директори.
-Не постојат податоци за постоење на било какво ограничување на располагањето со акциите кои членовите на Одборот на дректори на издавачот ги поседуваат кај издавачот, во определен временски период, за што овие лица се согласиле.

3.4. Менаџмент

Согласно организационата структура менаџментот на Пелистерка АД Скопје е составен од следните лица:

Ред. број	Име и презиме	Работно место	Организациона Единица
1	Дејан Панделески	ИзврШен директор	Пелистерка АД
2	Весна БелеШовска Бунтеска	ИзврШен директор	Пелистерка АД
3	Аница Главевска	Независен неизврШен член Раководител на финансиско-сметководствен сектор	Пелистерка АД
4.	Златко Талески	Независен неизврШен член Директор на производство и техничко одржување во Меџитлија	Пелистерка АД

3.5. Вработени и нивна квалификациона структура

Бројот на вработени во Пелистерка АД Скопје 144 во 2010год,83 во 2011г. и 83 во 2012год, а спрема квалификационата структура на Пелистерка АД Скопје е следниот:

Ред. Бр.	Квалификација	2010 г.		2011 г.		2012 г.	
		Број		Број		Број	
1.	ВСС	18		16		18	
2.	Виш С	10		5		5	
3.	4.год.ССС	61		20		40	
4.	3год.ССС	30		20		5	
5.	Основно	18		23		13	
6.	НКВ	3		5		2	
	Вкупно:	144		83		83	

4. ОСНОВНА ГЛАВНИНА

Основната главнина на друштвото изнесува 2.559.180 евра и е поделена на 50.180 акции, со номинална вредност 51 ЕУР,од кои 41.402 се обични акции, а 8.778 (приоритетни) на Фондот за ПИОМ, Основната главнина е дефинирана согласно ЗТД и Статутот на друштвото.

4.1. Број на акции по видови и број на акционери

Структура на капиталот на Пелистерка АД Скопје:

Ред. Бр.	Структура	Род на Акции	Број на акции	Износ во евра	Учество во основниот капитал
1.	Акционерски капитал	обични	41.402	2.111.502	82.51
2.	Фонд за ПИОМ	приоритетни	8.778	447.678	17.49
	Вкупно:		**50180**	**2.559.180,00**	**100.00%**

што се однесува до бројот на акционери на Пелистерка АД Скопје, состојбата на 31.12.2012 година е следнава:

Вид акционери	Број на акционери	Вид на акции
- Физички лица	195	обични
-Правни лица	8	обични
- Фонд за ПИОМ	1	приоритетни
Вкупно:	**204**	

4.2. Право на глас

Акционерите правото на глас во Собранието на акционери го остваруваат според номиналниот износ на акции. Начинот на гласање го одредува Собранието, освен кога со закон тоа не е пропишано поинаку.

Правото на акционерот да учествува во работата како и правото на глас во Собранието се остварува лично или преку именуван застапник.

Правото се остварува на начин што една обична акција дава право на еден глас.

4.3. Сопственичка структура

Сопственичка структура на акционерски капитал со состојба 31.12.12

ИМАТЕЛ	**БРОЈ НА АКЦИИ**	**РОД НА АКЦИИ**	**ПРОЦЕНТ %**
ЦИП ПРОДУКТ ДООЕЛ Скопје	24.341	ОБИЧНИ АКЦИИ СО ПРАВО НА ГЛАС	48,51
ДКУ Синерџи инвестмент ДОО Скопје	3.790	ОБИЧНИ АКЦИИ СО ПРАВО НА ГЛАС	7,55
Цветан Панделески	3.735	ОБИЧНИ АКЦИИ СО ПРАВО НА ГЛАС	7,44
Методи Мајнов	524	ОБИЧНИ АКЦИИ СО ПРАВО НА ГЛАС	1,05
Сите останати акционери на број 200 имаат вкупно 9.012 акции (под 1% поединечно)	9.012	ОБИЧНИ АКЦИИ СО ПРАВО НА ГЛАС	17,96
ВКУПНО	**41.402**		**100**

4.4.Број и учество на акциите Што ги поседува менаџерскиот тим

Ред. број	Име и презиме	Работно место	Број на акции и %
1	Дејан Панделески	ИзврШен директор	161
2	Весна БелеШовска Бунтеска	ИзврШен директор	/
3	Аница Главевска	Независен неизврШен член Раководител на финансиско-сметководствен сектор	/
4.	Златко Талески	Независен неизврШен член Директор на производство и техничко одржување во Меџитлија	/

4.5. Акционери кои поседуваат над 5% од акциите со право на глас со состојба 31/12/2012 од ЦДХВ

Име/Назив на имателот	**Процент**	**Тип на ХВ**
Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство и трговија ЦИП ПРОДУКТ ДООЕЛ Скопје	58,79	Обични
ДКУ СИНЕРЏИ ИНВЕСТМЕНТ ДОО експорт-импорт	9,03	Обични
ЦВЕТАН ПАНДЕЛЕСКИ	9,02	Обични

5. ДОСЕГАшНО ТРГУВАЊЕ СО АКЦИИТЕ НА ПЕЛИСТЕРКА АД СКОПЈЕ

ДосегаШното тргување со акциите емитувани од страна на Пелистерка АД Скопје е врШено на Редовен пазар на Македонска Берза АД Скопје-пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување., и тоа во последните три години (01-01-2010 до 01-01-2013) се истргувале 5195 акции . Тргувањето е изврШено преку 54 берзански трансакции.

Преглед на трансакции за 2010 год

Датум	Количина	Вредност	Мин	Макс	Просечна	Транскации
10.05.2010	50	102.750,00	2.055,00	2.055,00	2.055,00	1
11.05.2010	60	123.000,00	2.050,00	2.050,00	2.050,00	3
18.05.2010	20	41.000,00	2.050,00	2.050,00	2.050,00	1
21.09.2010	60	119.940,00	1.999,00	1.999,00	1.999,00	1
14.10.2010	38	75.924,00	1.998,00	1.998,00	1.998,00	1
15.10.2010	45	87.300,00	1.940,00	1.940,00	1.940,00	2
02.11.2010	74	139.638,00	1.887,00	1.887,00	1.887,00	3
03.11.2010	18	34.200,00	1.900,00	1.900,00	1.900,00	1

05.11.2010	42	79.800,00	1.900,00	1.900,00	1.900,00	3
08.11.2010	13	24.700,00	1.900,00	1.900,00	1.900,00	1
11.11.2010	53	100.700,00	1.900,00	1.900,00	1.900,00	1
09.12.2010	10	19.000,00	1.900,00	1.900,00	1.900,00	1
27.12.2010	4	7.600,00	1.900,00	1.900,00	1.900,00	1
Вкупно 2010	**487**	**955.552,00**	**2.055,00**	**1.887,00**	**2.342,53**	**20**

Преглед на трансакции за 2011 год

Датум	Количина	Вредност	Мин	Макс	Просечна	Транскации
11.04.2011	42	79.800,00	1.900,00	1.900,00	1.900,00	2
21.04.2011	47	89.300,00	1.900,00	1.900,00	1.900,00	2
28.04.2011	36	68.400,00	1.900,00	1.900,00	1.900,00	1
12.07.2011	37	70.300,00	1.900,00	1.900,00	1.900,00	1
13.07.2011	26	49.400,00	1.900,00	1.900,00	1.900,00	1
14.07.2011	26	49.400,00	1.900,00	1.900,00	1.900,00	2
18.07.2011	42	79.800,00	1.900,00	1.900,00	1.900,00	2
20.07.2011	32	60.800,00	1.900,00	1.900,00	1.900,00	1
12.08.2011	28	53.200,00	1.900,00	1.900,00	1.900,00	1
05.09.2011	34	66.300,00	1.950,00	1.950,00	1.950,00	1
12.09.2011	256	504.320,00	1.970,00	1.970,00	1.970,00	1
19.09.2011	30	58.500,00	1.950,00	1.950,00	1.950,00	1
10.10.2011	5	11.700,00	2.340,00	2.340,00	2.340,00	1
12.10.2011	2	5.616,00	2.808,00	2.808,00	2.808,00	1
17.10.2011	3	10.107,00	3.369,00	3.369,00	3.369,00	1
01.12.2011	40	148.080,00	3.702,00	3.702,00	3.702,00	3
Вкупно 2011	**686**	**1.405.023,0**	**3.702,00**	**1.900,00**	**2.254,09**	**22**

Преглед на трансакции за 2012 год

Датум	Количина	Вредност	Мин	Макс	Просечна	Транскации
18.01.2012	3.735	5.001.165,00			3.702,00	1
03.04.2012	12	24.000,00	2.000,00	2.000,00	2.000,00	1
12.04.2012	15	30.000,00	2.000,00	2.000,00	2.000,00	1
23.05.2012	15	30.000,00	2.000,00	2.000,00	2.000,00	1
14.08.2012	11	22.000,00	2.000,00	2.000,00	2.000,00	1
24.08.2012	10	20.010,00	2.001,00	2.001,00	2.001,00	1
03.09.2012	42	84.000,00	2.000,00	2.000,00	2.000,00	1
01.10.2012	121	242.000,00	2.000,00	2.000,00	2.000,00	1
08.10.2012	40	80.000,00	2.000,00	2.000,00	2.000,00	2
19.10.2012	11	22.000,00	2.000,00	2.000,00	2.000,00	1
03.12.2012	10	20.000,00	2.000,00	2.000,00	2.000,00	1
Вкупно 2012	**4.022**	**5.575.175,00**	**2.001,00**	**2.000,00**	**2.435,90**	**12**

6. РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА НА ПЕЛИСТЕРКА АД СКОПЈЕ

Тенденција на ДруШтвото во следните години е да ги зголемува постојните капацитети со цел да се реализира активен извоз во нареден период. Во план е и зголемување на палетата на производи, како понуда на пазарот која секогаШ треба да биде атрактивна и во тек со светските терндови во оваа област.

7. ДИВИДЕНДА И ПОЛИТИКА НА ДИВИДЕНДА

За да може да го одржи континуитетот и да се развива Пелистерка АД Скопје перманентно врШи инвестициони вложувања. До денес целата добивка по завршна сметка за 2011, 2010 и 2009 год. Е ИСКОРИСТЕНА ЗА ИНВЕСТИЦИИ , затоа не е поделена дивиденда на акционерите . За 2012 год. Распределба на средствата по завршна сметка ке се врши на Собранието на акционери за кое се планира да се одржи во мај 2013 год.

8. ОСВРТ НА СТАТУТОТ НА ПЕЛИСТЕРКА АД СКОПЈЕ

Предмет на разгледување е актуелниот Статут на ДруШтвото, донесен на редовната седница на Собранието на ДруШтвото одржана на 18.06.2010 год..

Предмет на работење

Дејностите кои ги врШи ДруШтвото во рамките на предметот на работењето се наведени во членот 10 од Статутот. Приоритетна дејност на друШтвото е производство на освежителни пијалоци,производство на минерална вода и друга флаШирана вода.

Основна главнина и акции

Основната главнина на Друштвото изнесува 5.018.000,00 ДЕМ односно 2.565.663,00 ЕВРА во денарска противвредност *и тоа:*

- 4.140.200,оо ДЕМ односно 2.116.850,60 ЕУРО акционерски капитал по акционерска книга односно акции со право на глас што изнесува 82,51 % од основната главнина.
- 877.800,оо ДЕМ односно 448.791,56 ЕУРО капитал- приоритетни партиципативни акции на Фондот за Пензиско и инвалидско осигурување на Македонија што изнесува 17,49 % од основната главнина

Основната главнина на Друштвото е поделена на 50.180 акции .

Номиналната вредност на една акција изнесува 51 ЕВРА.

Основната главнина на Друштвото може да се зголемува или намалува само со измена на Статутот на Друштвото.

Одлуката за зголемување или намалување на основната главнина се донесува со 2/3 мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието.

За издадените акции се води книга на акции во електронска форма кај Централниот депозитар за хартии од вредност.

Одлучување и управување со ДруШтвото

Управувањето со Друштвото е организирано според едностепен систем на управување.
Органи на Друштвото се:

- Собрание на акционери и
- Одбор на директори

Собрание на акционери

Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на Собранието.На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот му припаѓа право на учество во работата на собранието.

Обичните акции даваат право на глас во собранието на Друштвото, и право на дивиденда која се исплатува зависно од остварената добивка врз основа на одлука на Собранието.

Акционерите правото на глас во Собранието на акционери го остваруваат според номиналниот износ на акции. Начинот на гласање го одредува Претседавачот на Собранието, освен кога со закон тоа не е пропиШано поинаку.

Правото на акционерот да учествува во работата како и правото на глас во Собранието се остварува лично или преку именуван застапник.

Правото се остварува на начин Што една обична акција дава право на еден глас.

Одбор на директори

Одборот на Директори на Друштвото брои 8 (осум) членови.
Од вкупниот број на членови 6 (шест) се неизвршни и 2 (два) извршни.
Од неизвршните членови на Одборот на директори двајца членови се независни членови на Одборот на директори .Независните членови на Одборот на директори ги бира Одборот на директори од редот на неизвршните членови на Одборот на директори.
Членовите на Одборот на Директори ги именува и разрешува Собранието, со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието.
Извршните членови на Одборот на Директори се именуваат и разрешуваат од страна на Одборот на Директори со мнозинство на гласови од вкупниот број на присутни членови. Во случај на поделба на гласовите, гласот на претседателот на Одборот е одлучувачки.
Мандатот на членовите на Одборот на директори е 6 (шест) години.
Едно лице може да биде избрано за член на Одборот повеќе пати.
Одборот на директори работи на седници. Седниците на Одборот ги свикува Претседателот на Одборот на директори. Одлуките на Одборот на директори се донесуваат со јавно гласање. За полноважно одлучување на Одборот на директори потребно е присуство на 1/2 од сите негови членови, од кои бројот на присутните неизвршни членови од Одборот на директори мора да биде поголем од бројот на присутните извршни членови.Одлуките се донесуваат со мнозинство на гласови од присутните членови. Во случај на поделба на гласовите, гласот на претседателот на Одборот на директори е одлучувачки.

Уредување на односите во ДруШтвото

Внатрешните односи во Друштвото се уредуваат со Статутот, и со други акти и одлуки со кои се уредуваат конкретни прашања.

Собранието и Одборот на директори може да донесат деловници со кои ќе го уредат начинот на своето работење.
Одлуката за измените и дополнувањата на Статутот на Друштвото се вршат со 2/3 мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието.
Измените и дополнувањата на другите општи акти се вршат на начин и постапка која важи за нивното донесување.

Деловни книги и утврдување на деловниот резултат. Распределба на добивката

Одборот на директори е должен по завршувањето на секоја деловна година да состави Годишна сметка и Извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година. Се составуваат и сметки за покуси периоди од деловната година за време одредено од Одборот на директори.

По одобрувањето на Годишната сметка и утврдувањето на постоењето на добивка за распределба, Собранието го определува делот кој им се доделува на акционерите во форма на дивиденда.

Престанок на друштвото

Друштвото се основа на неопределено време.
Друштвото престанува кога ќе настапи било која од причините утврдени со закон, како и кога Собранието ќе донесе одлука за престанок на Друштвото.
Одлуката за престанок Собранието ја донесува со 2/3 мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието.

9. ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕЛЕВАНТНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПЕЛИСТЕРКА АД СКОПЈЕ

9.1. Судски процеси и постапки

Поради динамичноста на работењето и влијанието на голем број на фактори, сосема е логично што и Пелистерка АД Скопје може да биде активен и пасивен субјект во судските процеси и постапки. Гледано во еден временски пресек до крајот од 2012 година состојбата со судските процеси и постапки на Пелистерка АД Скопје е следнава:

- Друштвото води неколку судски спорови за побарувања против должници за главен долг од 15668 илјади денари. По овие судски спорови може да произлезат приливи на средства што не може прецизно да се квантифицираат до завршувањето на споровите.

- Против Друштвото се водат судски спорови за обврски во износ од 26989 илјади денари, од кои за судски спор во износ од 23159 илјади денари добиен во корист

на друштвото, но е повторно во судска постапка по ревизија. По овие судски спорови може да произлезат одливи на средства што не може прецизно да се квантифицираат до завршувањето на споровите.

9.2. Имот даден под хипотека

ИмаЌи ги во предвид критериумите на кредиторите (поголемо обезбедување на дадениот кредит) поради фиансирањето со позајмени средства на своето работење, Пелистерка АД Скопје дел од својот имот го има дадено под хипотека, и тоа:

Во корист на НЛБ Тутунска банка АД Скопје

Нотарски акт ОДУ бр.54/08 од 30.01.2008 Нотар Вера Караманди Битола
ОДУ бр.220/11 од 08.04.2011

1.Меџитлија Објект 6.255 м2 КП бр.692/2 КО Породин
Право на користење на ЗемјиШте 24.834 м2 (18.579 м2 двор + земј.под објект) - земјиШтето е приватизирано во 2012 год.

2.Објект Ладилник 5.449 м2 на КП.бр.5329/1 КО Битола
Право на користење на земјиШте 33.927 м2

Во корист на Стопанска банка АД Битола

Нотарски акт ОДУ .бр.103/12 од Нотар Веселинка Деребанова Крстевска

1.Објект Винарска визба пов. 3.801 м2 на КП.бр.1280 КО Г.Оризари
ЗемјиШте -сопствено 13.811 двор и земј.под објект КП.бр.1280/2
(13.811 м2 двор + 3.801 м2=17.612м2)

10. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ИНВЕСТИТОРИТЕ

Котирањето на Акционерското ДруШтво ПЕЛИСТЕРКА АД Скопје на Македонска берза АД Скопје го одобри Одборот на директори на ДруШтвото, на седница одржана на ден 11-04-2013 година, во просториите на ДруШтвото.

Во врска со котацијата, на увид може да се добијат копии од следните документи:

- Проспект
- Статут на Пелистерка АД Скопје
- Тековна состојба
- ИзвеШтаи од ревизори
-

Документите се достапни во :

-Просториите на Пелистерка АД Скопје во Скопје на ул Булевар Кочо Рацин 97 , Скопје Центар ,секој работен ден од 11.30 до 13.30 часот.

Сите документи согласно законската и берзанската регулатива на Република Македонија се достапни во просториите на ДруШтвото, покровителот и Македонска Берза.

11. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

Финансиски податоци за Пелистерка АД Скопје за период 2010-2012

	2012	2011	2010
Вкупно средства	916.902.000	751.755.000	807.375.000
Вкупно обврски	553.492.000	408.295.000	456.401.000
Добивка пред оданочување	23.169.000	3.276.000	12.357..000
Нето добивка по акција	467,98	2,88	256.59
Коефициент цена/добивка	4,27	1285	7,4
Коефициент цена/книгов.вредност на акција	0,64	1,18	0,61
Износ на исплатена дивиденда по акција	0	0	0
Дивиденден принос	0	0	0

*за пресметка на коеф.цена/добивка е користена последната годишна цена

Финансиски податоци за Пелистерка АД Скопје за период 2010-2012 консолидирани со трговските друштва во кои Пелистерка АД Скопје има мнозинско учество.

Пелистерка АД Скопје е основач(100%) сопственик на:

- Друштво за трговија и услуги ДТУ Еуродистрибуција ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.Качанички пат бр 162 Бутел Скопје. Со ЕМБ 5995744, ЕДБ 4030005552177, основана во 2005год со цел продажба на производите на Пелистерка на пазарот во Скопје.

- Друштво за земјоделско производство, овоштарство,лозарство и винарство Лозар Пелистерка ДООЕЛ Скопје. Со седиште ул. Кочо Рацин бр 97 Скопје, ЕМБ 6636110, ЕДБ 4080010515716, основана во 2010год со цел обработка на насади со лозје и вишни во Битола сопственост на Пелистерка АД Скопје како и преработка на грозје и производство на вино во Винарска визба во Битола.

- Друштво за превоз на стока Пелистерка транс ДООЕЛ Скопје. Со седиште во Скопје, ул.Кочо Рацин бр. 97 , МБ 6669719 , ЕДБ

4080011518670, основана во 2011 год Со цел – превоз на производите на Пелистерка АД Скопје од фабриката за производство на вода и сок во с.Меџитлија Битола , до Скопје ,низ Република Македонија и надвор од РМ

Консолидирани финансиски податоци за Пелистерка АД Скопје за период 2010-2012

	2012	2011	2010
Вкупно средства	941.885.416	774.972.091	1.077.644.140
Вкупно обврски	580.427.174	426.709.222	474.825.143
Добивка пред оданочување	17.946.809	13.682.910	15.911.878
Нето добивка по акција	326.87	236.28	250.74
Коефициент цена/добивка	6,12	15,67	7,57
Коефициент цена/книгов.вредност на акција	0,64	1,18	0,61
Износ на исплатена дивиденда по акција	0	0	0
Дивиденден принос	0	0	0

*за пресметка на коеф.цена/добивка е користена последната годишна цена

12. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА , 2011 и 2012 г., СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И БЕЛЕШКИ (ОБЈАСНУВАЊА) КОН ИЗВЕШТАИТЕ

За овај Проспект Ќе биде презентиран интегралниот текст на Мислењето на независните ревизори од Друштво за ревизија и проценка КНИ-ПРОКОМ Прилеп и Ќе бидат прикажани финансиските извештаи на Пелистерка АД Скопје и тоа Биланс на успех, Консолидиран Биланс на успех, Извештај за сеопфатна добивка, Консолидиран Извештај за сеопфатна добивка,Извештај за финансиска состојба, Консолидиран Извештај за финансиска состојба,Извештај за промени на капиталот и резервите, Консолидиран Извештај за промените на капиталот и резерви, и Извештај за паричните текови, Консолидиран Извештај за паричните текови. Покрај овие финансиски извештаи Ќе бидатат прикажани и сметководствената политика за нивното изготвување и белешките за 2011 и 2012 година со кои се објаснуваат и анализираат одделни позиции од финансиските извештаи.

Прикажувањето на финансиските извештаи Ќе биде од аспект на прикажување на Ревидирани финансиски извештаи и Консолидирани ревидирани финансиски извештаи. При ова сакаме да истакнеме дека во двете изминати години со ревизијата на финансиските извештаи не се утврдени корекции на финансиските извештаи. Поради овај факт неревидираните и ревидираните финансиски извештаи се идентични.

Прилог 1 Ревидирани финансиски извештаи за 2011год со сметководствени политики и белешки кон извештаите
Прилог 2 Ревидирани консолидирани финансиски извештаи за 2011год со сметководствени политики и белешки кон извештаите

Прилог 3 Ревидирани финансиски извештаи за 2012год со сметководствени политики и белешки кон извештаите

Прилог 4 Ревидирани консолидирани финансиски извештаи за 2012год сметководствени политики и белешки кон извештаите

КНИ-ПРОКОМ
Друштво за ревизија и проценка

Крушевска 21
7500 Прилеп

Тел./Факс: +389 (0) 48 412-505
www.kniprokom.com.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До
Акционерите на
"ПЕЛИСТЕРКА" АД
Скопје

Извршивме ревизија на приложениот Извештај за финансиска состојба на "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје со состојба на ден 31 Декември 2011 година, и билансот на успех, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во капиталот и извештајот за паричните текови за годината која завршува со тој ден и преглед на значајните сметководствени политики и останатите белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување. Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементирање и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално значајно погрешни прикажувања, без разлика дали истото е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и подготвување на соодветни проценки кои се разумни во дадените околности.

Одговорност на ревизорот

Нашата одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финасиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценување на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа на нашето ревизорско мислење.

1

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (продолжение)

Мислење

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје, заклучно со 31 Декември 2011 година, како и резултатите од неговото работење, извештајот за промени во капиталот и паричните текови за годината завршена тогаш, во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување.

Прилеп, 25 Април 2012 година.

Овластен ревизор
Проданоска Доста

Друштво за ревизија и проценки
"КНИ - ПРОКОМ"

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје

БИЛАНС НА УСПЕХ

за годината која завршува на 31 Декември 2011 година

во илјади денари

	Белешка	2011	2010
Приходи од продажба	7	414.138	385.143
Останати оперативни приходи	8	46.627	109.201
Вкупно оперативни приходи		**460.765**	**494.344**
Промена на вредноста на залихите на готовите производи и производство во тек	9	-	(2.165)
Потрошени материјали, инвентар и резервни делови	10	(186.488)	(175.530)
Набавна вредност на продадени стоки	11	(12.460)	(11.488)
Трошоци за вработените	12	(32.597)	(44.994)
Амортизација	13	(46.143)	(43.593)
Останати оперативни трошоци	14	(162.388)	(177.839)
Вкупно оперативни расходи		**(440.076)**	**(453.609)**
Добивка/(загуба) од оперативно работење		**20.689**	**40.735**
Финансиски приходи	15	5.821	1.686
Финансиски расходи	16	(23.234)	(30.064)
Добивка/(загуба) пред оданочување	17	**3.276**	**12.357**
Данок од добивка	18	2.606	1.183
Нето добивка/(загуба) за периодот	19	**670**	**11.174**
Основна заработувачка/(загуба) по акција (во денари)	20	2,88	256,59

Белешките се составен дел на финансиските извештаи

Финансиски извештаи за 2011 година 3

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

за годината која завршува на 31 Декември 2011 година

во илјади денари

	Белешка	2011	2010
Добивка/(загуба) за годината		670	11.174
Останата сеопфатна добивка:		-	-
Курсни разлики од преведување на странски работења			
Финансиски средства расположливи за продажба			
Хеџирања на парични текови			
Добивка од ревалоризација на недвижности			
Актуарски добивки/(загуби) од пензиски планови на дефинирани користи			
Удел во сеопфатна добивка на придружени ентитети			
Данок на добивка кој се однесува на компоненти од останата сеопфатна добивка		-	-
2. ОСНОВА ЗА СОСТАВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи на АД "ПЕЛИСТЕРКА" Скопје, се изготвени во согласност со законските прописи, Меѓународните Сметководствени Стандарди (МСС) и Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување (МСФИ) што се прифатени и објавени во Република Македонија во Правилникот за водење сметководство (Службен Весник на РМ бр. 159/09, 164/10 и 107/11).

Финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако не е поинаку наведено.

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност.

Финансиските извештаи се подготвени врз претпоставката за континуитет, односно дека друштвото ќе продолжи со своето работење во некое непредвидено време.

При подготвувањето на финансиските извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Некои ставки во финансиските извештаи се проценуваат затоа што неможат прецизно да се измерат. Проценувањето вклучува расудувања што се засновани на последни расположливи информации.

Подружници

Друштвото има регистрирано три подружници и тоа:

	2012 год.	2011год.
Лозар Пелистерка ДООЕЛ Скопје со влог од 369 илјади денари	100%	100%
Еуро Дистрибуција ДООЕЛ Скопје со влог од 5.266 илјади денари	100%	100%
Пелистерка Транс ДООЕЛ Скопје со влог од 308 илјади денари	100%	100%

Овие финансиски извештаи содржат износи за побарувањата, обврските, резултатите од работењето, промени во главнината и паричните текови само на друштвото, исклучувајќи ги неговите поружници. Друштвото изработува консолидирани биланси.

3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Прегледот на позначајните сметководствени политики применети при изготвување на финансиските извештаи за 31.12.2012 година се прикажани во понатамошниот текст.

3.1 Приходи од продажба

Приходите од продажба се признаваат кога на купувачот се пренесени сите значајни користи и ризици од сопственоста на производите и кога е очекувано дека идни економски користи ќе притечат во друштвото и кога овие користи можат да бидат реално измерени. Приходите од продажба се искажуваат по принципот на фактурирана реализација.

3.2 Потрошени материјали и резервни делови

Потрошените материјали и резервни делови ги опфаќаат сите трошоци што се настанати во однос на фактурираната реализација, трошоци потребни за остварување на основната дејност на друштвото.

3.3 Трошоци за тековно и инвестиционо одржување

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување на градежните објекти, основните средства, поправка на опремата и сл. се покриваат од приходите на пресметковниот период кога ќе настанат. Реконструкциите и адаптациите со кои се менува капацитетот или намената на основните средства, се книжат односно искажуваат како зголемување на вредноста на основните средства.

3.4 Приходи од камати

Каматите настанати по основ на денарски влогови и побарувања од деловните односи се признаваат во Билансот на Успехот кога доспеваат и се искажуваат како останати приходи од камати во рамките на финансиските приходи.

3.5 Камата како расход

Каматите настанати по основ на деловни обврски како и по основ на финансиски обврски, пресметани до датумот на извештајот за финансиска состојба, се искажуваат во билансот на успех како останати расходи од камати во рамките на финансиските расходи. Каматите се признаваат како расход во периодот во кој настануваат.

3.6 Основни средства

Набавките на основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурираната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Позитивната разлика настаната при продажбата на основните средства се книжи непосредно во корист на капитална добивка, а негативната разлика се книжи на товар на капитална загуба. Неотписаната вредност на отуѓените и расходовани основни средства се книжи на товар на останатите расходи. Постојаните средства се поделени во групи и подгрупи, врз кои што се пресметува амортизација се додека овие средства целосно не се отписат.

3.7 Амортизација

Амортизацијата на основните средства се пресметува по стапки пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација. Набавната или ревалоризирана вредност на основните средства се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвиденот век на употребата на основните средства. Амортизација не се пресметува на земјиштето Пропишаните стапки на амортизација кои се применуваат за основните средства што ги поседува "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје се:

	Годишна стапка
Градежни објекти	2,5-10%
Опрема	5-25%
Долгогодишни насади	10%
Транспортни средства, компјутери	25%

3.8 Побарувања по основ на продажба

Побарувањата по основ на продажба ги опфаќаат сите побарувања по основ на продажба на сопствени производи и услуги и се искажуваат според номинална вредност, намалени за лоши и несигурни побарувања.

3.9 Залихи

Залихите се искажуваат според износот на трошоците на нивната набавна или нето реализациона вредност, во зависност од тоа која од нив е пониска.

Залихите на суровини и материјали и на резервни делови се вреднуваат по просечни цени. Недовршеното производство и готовите производи се искажуваат по нето реализациона цена.

Ситниот инвентар, алатот и авто гумите се отпишуваат 100% од вредноста при ставање во употреба. Трговските стоки се искажуваат по просечни цени.

3.10 Парични средства

Паричните средства и паричните еквиваленти се состојат од готовина во благајната, парични средства на жиро сметката во банки и девизни средства на жиро сметката кај деловните банки. Паричните средства се искажуваат според номинален износ.

3.11 Курсни разлики

Пресметката на сите средства, односно побарувања и обврски во странски средства на плаќање, се врши во денарска противвредност по среден курс, важечки на денот на извештајот за финансиска состојба што го објавува Народна Банка на Република Македонија. Позитивните, односно негативните курсни разлики од оваа пресметка во текот на годината претставуваат приход , односно расход на билансот на успех.

3.12 Обврски

Краткорочните и долгорочните обврските ги опфаќаат обврските спрема добавувачите, спрема вработени, обврски за примени аванси, обврски спрема даноци и придонеси, обврски по основ на заеми кредити и обврски од резултатот. Овие обврски се искажуваат според нивната номинална вредност искажана на сметководствениот документ, зголемен за камати согласно договорите.

3.13. Данок од добивка

Согласно применливата законска регулатива, Данокот од добивка се пресметува и плаќа согласно одредбите на Законот за данок на добивка по стапка од 10%. Основа за пресметување на данокот на добивка се даночно непризнати расходи и помалку искажани приходи, корегирани за даночен кредит, како и на распределената добивка за дивиденди. Нераспределената добивка не се оданочува.

3.14. Краткорочни финансиски вложувања

Краткорочните финансиски вложувања се искажуваат според номинална вредност.

3.15 Вложувања

Вложувањата расположиви за продажба се состојат од долгорочни вложувања во хартии од вредност кај претпријатија и финансиски институции, искажани според нивната набавна вредност во моментот на вложувањето, зголемени за износот на распоредената добивка. Почетно вложувањата се искажуваат по набавна вредност, односно според износот на парични средства и еквиваленти на парични средства платени за нивна набавка. Последователно вложувањата наменети за продажба се мерат според објективната вредност определена според последната пазарна цена на истите на датумот на извештајот за финансиска состојба за оние за кои има активен пазар, додека за оние вложувања за кои не постои активен пазар се мерат според нивната набавна вредност намалена за евентуално нивно оштетување (стечај или ликвидација).

3.16 Сопствени акции

Кога Друштвото откупува свој акционерски капитал, платените надоместоци се одземаат од вкупниот акционерски капитал како сопствени акции, се додека истите не се оттуѓат. Кога таквите акции последователно се продаваат, примените надоместоци се вклучуваат во акционерскиот капитал.

4. КОРИСТЕНИ ПРОЦЕНКИ

При подготввувањето на финансиските извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Некои ставки во финансиските извештаи се проценуваат затоа што неможат прецизно да се измерат. Проценувањето вклучува расудувања што се засновани на последни расположливи информации.

5. ПРОМЕНА НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И КОРЕКЦИЈА НА ГРЕШКИ

Сметководствените политики се применуваат од период до период на конзистентна основа. Сметководствена политика се менува доколку тоа е условено со измена или донесување на МСС или МСФИ, или доброволно, со одлука на раководството на Друштвото, ако се процени дека новата сметководствена политика води кон подобра презентација на случувањата и позициите во годишната сметка.

При ретроспективна промена во сметководствена политика, Друштвото ја применува новата сметководствена политика на компаративните податоци за претходните периоди до најраниот датум кога тоа е изводливо, исто како новата сметководствена политика да била применета отсекогаш. Кога е непрактично да се одредат ефектите врз поединечните периоди од промената на сметководствената политика на компаративните информации, Друштвото ја применува новата сметководствена политика на сметководствените вредности за средствата и обврските на почетокот на најраниот период за кој е изводлива ретроспективна примена, што пак може да биде тековниот период и ги прави соодветните корекции на почетното салдо на секоја засегната компонента на главнината за тој период.

6. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИК

Во своето работење Друштвото е изложено на повеќе видови на финансиски ризици како што се пазарниот ризик (ризик од промена на девизните курсеви и ризик од промена на цените) кредитниот ризик, ризикот од промена на каматните стапки, ризикот од неликвидност и даночниот ризик.

6.1 Пазарен ризик

Ризик од промена на девизниот курс

Друштвото во работењето стапува во меѓународни трансакции за набавка на опрема, суровини и материјали и продажба на производи и услуги. Овие трансакции се во странска валута. Во финансиските извештаи се искажани во денарска противвредност која на 31 Декември 2012 година се усогласува со важечкиот среден курс на тој датум.

Друштвото не користи соодветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Македонија. Поради тоа, Друштвото е изложено на ризик поврзан со можните флуктуации на курсевите на странските валути.

Ризик од промени на цени

Друштвото е изложено на ризик од промена на пазарните цени на вложувањата расположливи за продажба.

6.2 Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање спрема Друштвото.

6.3 Каматен ризик

Друштвото е изложено на ризик од промени на каматните стапки кога користи кредити и кога има депонирани средства во банки. Обврските по кредити вообичаено се отплатуваат по променливи каматни стапки. Депозитите вложени во банки исто така се подложни на промени на каматните стапки зависни од движењата на финансиските пазари. Ова го изложува Друштвото на можен ризик од промени на каматните стапки.

Друштвото нема посебна политика за намалување на каматниот ризик и истиот го регулира преку директни преговори со банките.

6.4 Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски и Друштвото нема вакви проблеми во своето работење.

6.5 Даночен ризик

Согласно законските прописи во РМ, финансиските извештаи и сметководствените евиденции на Друштвото подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесувањето на даночните извештаи за годината. Според ова, постои даночен ризик за пресметка на дополнителни данаци и придонеси во случај на идна контрола од страна на даночните власти за 2012 година.

6.6 Финансиски ризик

Друштвото го следи ризикот од финансирање преку показателот за задолженост. Овој показател се пресметува како однос меѓу нето обврските и вкупниот капитал. Нето обврските се пресметуваат како разлика помеѓу вкупните кредити (краткорочни и долгорочни) и паричните средства. Раководството на "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје врши редовно следење на кредитната задолженост.

	2012	2011
Обврски по кредити	440.819	315.911
Парични средства	-53.448	-1.436
Нето обврски по кредити	**387.371**	**314.475**
Капитал и резерви	363.411	343.459
% на кредитна задолженост	**106,5931**	**91,5611**

7. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

во илјади денари

	2012	2011
Приходи од продажба на добра, (производи,стоки) и услуги на поврзани друштва во земјата	114.199	107.736
Приходи од продажба на добра, (производи) и услуги во земјата	305.389	286.090
Приходи од продажба на добра, (стоки) во земјата	17	-
Приходи од продажба на добра (производи,стоки) и услуги во странство	44.596	18.798
Приходи од продажба на материјало,резервни делови и отпадоци	2.209	-
Останати приходи од продажба на неповрзани друштва	2	1.514
Вкупно	**466.412**	**414.138**

8. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

во илјади денари

	2012	2011
Приходи по основ на употреба на сопствени добра (производи,стоки) и услуги	8.801	13.078
Приходи од вредносно усогласување на материјални средства	55	-
Приходи од вредносно усогласување на залихи	8	-
Добивки од продажба на нематеријални и материјални средства	-	15.058
Виишоци	738	4.865
Приходи од наплатени отписани побарувања и приходи од отпис на обврските	1.491	-
Останати приходи од работењето	3.310	13.626
Вкупно	**14.403**	**46.627**

9. ПРОМЕНА НА ВРЕДНОСТА НА ЗАЛИХИТЕ

во илјади денари

	2012	2011
Залихи на недовршено производство и готови производи на почетокот на годината	88.968	88.968
Залихи на недовршено производство и готови производи на крајот на годината	(88.968)	(88.968)
Состојба на 31 Декември	-	-

10. ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ И РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

во илјади денари

	2012	2011
Трошоци за суровини и материјали (за производство)	188.759	184.317
Трошоци за материјали (за администрација, управа и продажба)	293	1.695
Трошоци за резервни делови и материјали за одржување (за производство)	906	381
Трошоци за резервни делови и материјали за одржување (за администрација,управа и продажба)	2.265	95
Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за производство)	464	-
Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за администрација,управа и продажба)	579	-
Вкупно	**193.266**	**186.488**

11. НАБАВНА ВРЕДНОСТ НА ПРОДАДЕНИТЕ СТОКИ

во илјади денари

	2012	2011
Набавна вредност на продадени (добра)стоки	11.964	12.460
Вкупно	**11.964**	**12.460**

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје

Белешки кон финансиските извештаи

12. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

	во илјади денари	
	2011	**2011**
Трошоци за нето плати	19.507	20.330
Даноци и придонеси од плати	8.558	9.271
Дневници за службени патувања и патни трошоци	813	309
Надомест на трошоците на вработените, подароци и помошти	369	1.220
Вкупно	**29.247**	**31.130**

13. АМОРТИЗАЦИЈА

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Амортизација	45.419	46.143
Вкупно	**45.419**	**46.143**

14. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Трошоци за енергија (за производство)	24.331	22.303
Трошоци за енергија (за администрација, управа и продажба)	2.720	2.358
Транспортни услуги	16.372	22.990
Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет	2.545	2.485
Надворешни услуги за изработка на добра услуги	212	-
Услуги за одржување и заштита	4.290	2.174
Наем – лизинг	1.635	1.901
Комунални услуги	466	371
Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и саеми	33.876	21.644
Останати услуги	4.209	3.858
Трошоци за надомест и други примања на членовите на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители	1.324	1.467
Трошоци за спонзорства и донации	1.116	1.984
Трошоци за репрезентација	28.613	24.930
Трошоци за осигурување	1.094	212
Банкарски услуги и трошоци за платен промет	811	1.406
даноци кои не зависат од резултатот,членарини и др. давачки	1.731	1.336
Трошоци за користење на права (освен наем)	6.917	7.030
Останати трошоци на работењето	15.738	16.575
Вредносно усогласување (обезвреднување) на нематеријални средства	-	14.901
Вредносно усогласување (обезвреднување) на долгорочни побарувањадепозити и слично	-	8.071
Кусоци, кало, растур, расипување и кршење	3.445	478
Расходи по основ на директни отписи на побарувања	1.899	-
Расходи за дополнително одобрени попусти, рабат	2.974	1.650
Казни, пенали, надоместоци за штети и друго	65	-
Останати расходи од работењето	361	3.731
Вкупно	**156.744**	**163.855**

15. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Приходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва	8.854	5.821
Приходи врз основа на позитивни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва	113	-
Останати финансиски приходи	43	-
Вкупно	**9.010**	**5.821**

16. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Расходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва	27.379	22.399
Расходи врз основа на негативни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва	695	835
Останати финансиски расходи од поврзани друштва	1.942	-
Вкупно	**30.016**	**23.234**

17. ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Добивка пред оданочување	23.169	3.276
Вкупно	**23.169**	**3.276**

18. ДАНОК ОД ДОБИВКА

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Даночен ефект од расходи кои се оданочуваат (непризнати расходи)	3.243	2.606
Вкупно	**3.243**	**2.606**

19. ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Добивка по оданочување	19.926	670
Вкупно	**19.926**	**670**

20. ОСНОВНА ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА

	2012	2011
Заработувачка која им припаѓа на имателите на акции (во илјади денари)	19.926	670
Пондериран просечен број на обични акции во оптек	41.402	41.402
Основна заработувачка по акција (во денари)	**467,98**	**2,88**

Основната заработувачка по акција се пресметува со делење на нето добивката која им припаѓа на имателите на обични акции (по намалувањето за делот од добивката по одаточување за имателите на приоритетни акции) со пондерираниот просечен број на обични акции во оптек во текот на годината.

21. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

	во илјади денари	
	2012	2011
Парични средства на трансакциска сметки во денари	690	825
Парични средства во благајна	36	21
Девизни сметки	937	17
Парични средства во благајна во странска валута	2	2
Депозити парични еквиваленти	50.800	-
Хартии од вредност - готовински еквиваленти	535	123
Останати парични средства	448	448
Состојба на 31 Декември	**53.448**	**1.436**

22. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

	во илјади денари	
	2012	2011
Купувачи во земјата	63.078	60.152
Купувачи во странство	18.742	15.391
Останати побарувања	1.233	1.280
Побарувања од поврзани друштва врз основа на продажба на добра и услуги во земјата	85.484	71.629
Состојба на 31 Декември	**168.537**	**148.452**

23. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

	во илјади денари	
	2012	2011
Данок на додадена вредност	-	226
Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања	284	128
Побарувања од вработените	4.556	3.047
Состојба на 31 Декември	**4.840**	**3.401**

24. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Краткорочни кредити и заеми во земјата	90.067	-
Состојба на 31 Декември	**90.067**	**-**

24/а Аналитика по друштва

	во илјади денари	
	2012	**2011**
ЦИП Продукт Скопје	1.735	-
ТИМ ДГ ДОО Скопје	18.707	-
ТИМОХ ДОО Скопје	69.541	-
МАТО КО ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ	82	-
Состојба на 31 Декември	**90.067**	**-**

25. ЗАЛИХИ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Суровини и материјали на залиха	26.853	30.582
Суровини и материјали во доработка, обработка и манипулација	-	68
Залиха на резервни делови	1.883	2.055
Ситен инвентар на залиха	52	-
Ситен инвентар во употреба	2.918	3.254
Амбалажа во употреба	75.005	65.360
Залиха на автогуми	2	-
Автогума во употреба	12	-
Вредносно усогласување на залихите на ситен инвентар и автогуми	(15.900)	(16.883)
Производство (изградба) во тек	24.144	-
Производство во обработка, доработка и манипулација	36.224	42.613
Производи на залиха	28.600	46.355
Стоки на залиха	1.592	1.610
Состојба на 31 Декември	**181.385**	**175.014**

26. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

За обезбедување на кредит во износ од 339.532 илјади денари земен од страна на НЛБ ТУТУНСКА БАНКА Скопје, друштвото има запишано хипотека на недвижен имот во Мецитлија, земјиште, градежи и опрема и Ладилник градежи и опрема.

За обезбедување на кредит во износ од 20.900 илјади денари земен од страна на Охридска Банка Охрид запишано е обезбедување на побарување од Нова Трејд ЦО2, и управна зграда во Скопје.

За обезбедување на кредит во износ од 47.970 илјади денари земен од страна на Стопанска банка Битола запишана е хипотека на Винара и тоа на земјиште,градежи и опрема.

Состојбата и промените на ревалоризираната набавна вредност на материјалните средства и нивната исправка на вредност на ден 31 Декември 2012 година се прикажани во следната табела:

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје
Белешки кон финансиските извештаи

ПРОМЕНИ КАЈ МАТЕРИЈАЛНИТЕ И НЕМАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА

2012 во илјади денари

	Земјиште	Градежни објекти	Постројки и опрема	Алат и капитални., мебел и транс. сред. опрема	Биолошки средства	Материјални средства во подготовка	ВКУПНО МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА	Нематери-јални средства	ВКУПНО
Набавна или ревалоризирана вредност									
Состојба на ден 01 Јануари 2012	**30.349**	**245.148**	**473.724**	**67.620**	**42.878**	**6.222**	**865.941**	-	**865.941**
Набавки во текот на годината	1.601	3.921	4.562	7.498		35.834	53.416	-	**53.416**
Пренесени средства во подготовка	-	-	-			(12.215)	(12.215)	-	**(12.215)**
Вкупни зголемувања:	**1.601**	**3.921**	**4.562**	**7.498**	**-**	**23.619**	41.201	**-**	**41.201**
Расходувања/ Продажби	-		-	(781)	-		(781)	-	**(781)**
Состојба на ден 31. Декември 2012	**31.950**	**249.069**	**478.286**	**74.337**	**42.878**	**29.841**	**906.361**	**-**	**906.361**
Исправка на вредност									
Состојба на ден 01 Јануари 2012		**81.538**	**274.074**	**62.324**	**31.406**		**449.342**	-	**449.342**
Амортизација за тековната година	-	5.924	30.628	6.443	2.425		45.420	-	**45.420**
Расходи и отуѓувања				(203)			(203)		**(203)**
Состојба на ден 31.Декември 2012	-	**87.462**	**304.702**	**68.564**	**33.831**	-	**494.559**	-	**494.559**
Неотп.предн. на осн.сред 31.Дек.2012	**31.950**	**161.607**	**173.584**	**5.773**	**9.047**	**29.841**	**411.802**	**-**	**411.805**

2011 во илјади денари

	Земјиште	Градежни објекти	Постројки и опрема	Алат и капитални., мебел и транс. сред. опрема	Биолошки средства	Материјални средства во подготовка	ВКУПНО МАТЕРИЈАЛ-НИ СРЕДСТВА	Нематери-јални средства	ВКУПНО
Набавна или ревалоризирана вредност									
Состојба на ден 01 Јануари 2011	**36.300**	**231.920**	**457.904**	**107.961**	**42.878**	**73.195**	**950.158**		**950.158**
Набавки во текот на годината	70	13.228	15.820	(18.506)		6.276	16.888		**16.888**
Пренесени средства во подготовка	-	-		-		(73.249)	**(73.249)**	-	**(73.249)**
Вкупни зголемувања:	**70**	**13.228**	**15.820**	**(18.506)**	**-**	**(66.973)**	**(56.361)**	-	**(56.361)**
Расходувања/ Продажби	(6.021)			(21.835)			(27.856)		**(27.856)**
Состојба на ден 31. Декември 2011	**30.349**	**245.148**	**473.724**	**67.620**	**42.878**	**6.222**	**865.941**	**-**	**865.941**
Исправка на вредност									
Состојба на ден 01 Јануари 2011		76.117	287.553	83.828	28.881		476.379		476.379
Амортизација за тековната година		5.575	44.794	(6.751)	2.525		46.143		**46.143**
Расходи и отуѓувања		(154)	(58.273)	(14.753)			(73.180)		**(73.180)**
Состојба на ден 31.Декември 2011		81.538	274.074	62.324	31.406	-	449.342	-	**449.342**
Неотп.предн. на осн.сред 31.Дек.2011	**30.349**	**163.610**	**199.650**	**5.296**	**11.472**	**6.222**	**416.602**	-	**416.602**

Финансиски извештаи за 2012 година 21

27. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

	2012	2011
Вложувања во подружници	6.595	6.595
Вложувања во друштва (акции, удели)	89	118
Вложувањеа во банки	137	137
Состојба на 31.Декември	**6.821**	**6.850**

27.1 Вложувања во подружници

во илјади денари

	2012	2011
Еродистрибуција Скопје	5.266	5.266
Лозар Пелистерка	369	369
Пелистрака Транс ДООЕЛ	308	308
Макошак ДОО Скопје	652	652
Состојба на 31.Декември	**6.595**	**6.595**

27.2 Вложувања во акции (удели)

во илјади денари

	2012	2011
Илинден Делчево	89	118
Состојба на 31.Декември	**89**	**118**

27.3 Вложувања во банки

во илјади денари

	2012	2011
АД Силекс Банка Скопје	137	137
Состојба на 31.Декември	**137**	**137**

28. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

во илјади денари

	2012	2011
Обврски спрема добавувачи во земјата	66.883	47.479
Обврски спрема добавувачи во странство	29.220	30.670
Обврски од поврзани друштва врз основа на набавка на добра и услуги во земјата	5.257	1.604
Состојба на 31 Декември	**101.360**	**79.753**

29. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

во илјади денари

	2012	2011
Обврски з адашок на додадена вредност	1.005	772
Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци на плата	828	708
Обврски за останати даноци,придонеси и други давачки	2.277	4.230
Обврски за плати и надомести на плати	2.183	1.877
Останати обврски спрема вработените	1.828	1.828
Состојба на 31 Декември	**8.121**	**9.415**

30. КРАТКОРОЧНИ КРЕДИТИ

во илјади денари

	2012	2011
Краткорочни обв.по основ на заеми и кредити во земјата	160.861	99.590
Состојба на 31.Декември	**160.861**	**99.590**

30.1 Аналитика по банки

во илјади денари

	2012	Валута	2011
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје (денарски со девизна клаузула)	15.376	02.03.2013	19.682
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје (денарски)	28.300	04.01.2014	
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје (денарски)	70.000	11.01.2014	
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје (денарски)	5.000	03.05.2013	
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје (денарски)	20.000	14.09.2013	
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје (денарски со девизна клаузула)			19.682
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје (денарски со девизна клаузула)			15.376
Охридска банка охрид	20.900	01.03.2013	
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје (денарски)	-		14.000
Охридска Банка АД (денарски)	-		30.752
Останати краткор. Кредити (камата)	1.285		98
Состојба на 31.Декември	**160.861**		**99.590**

Краткорочните кредити се обезбедени со имот на друштвото.

31. ПРИМЕНИ АВАНСИ, КРАТКОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ

во илјади денари

	2012	2011
Примени краткорочни депозити и кауции (гаранции)	3.192	3.217
Состојба на 31.Декември	**3.192**	**3.218**

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје
Белешки кон финансиските извештаи

32. ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ

во илјади денари

	2012	2011
Долгорочни обврски врз основа на заеми и кредити во земјата и странство	279.958	216.321
Состојба на 31 Декември	**279.958**	**216.321**

32.1 Аналитика по банки

во илјади денари

	2012	Валута	2011
НЛБ Тутунска Банка Девизен кредит	3.168	01.03.2017	172.094
НЛБ Тутунска Банка Девизен кредит	53.498	01.04.2017	-
НЛБ Тутунска Банка Девизен кредит	79.204	01.02.2017	-
НЛБ Тутунска Банка Девизен кредит	29.132	15.01.2015	42.082
НЛБ Тутунска Банка Девизен кредит	35.854	26.06.2016	-
Стопанска Банка Битола Девизен кредит	47.970	31.01.2017	
Македонска Банка за Поддршка на Развојот	30.750	25.01.2014	
Лондонски Клуб	-	-	2.145
Останати кредити (долг.камати)	382	-	-
Состојба на 31.Декември	**279.958**		**216.321**

Долгорочните кредити се обезбедени со имот на друштвото.

33. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ

во илјади денари

	2012	2011
Акционерски капитал	156.505	156.505
Откупени сопствени акции	(280)	(280)
Резерви	11.569	11.469
Акумулирана добивка	175.691	175.095
Добивка на финансиската година	19.926	670
Вкупно капитал и резерви	**363.411**	**343.459**

Извештајот за промените на капиталот и резервите е прикажан на страна 9.

34. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СТРАНКИ

За поврзана странка се друштвата "ЛОЗАР ПЕЛИСТЕРКА" ДООЕЛ Скопје, "ПЕЛИСТЕРКА ТРАНС" ДООЕЛ Скопје и "ЕУРОДИСТРИБУЦИЈА" ДООЕЛ Скопје во кои АД "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје поседува 100% од уделите на друштвата.

Трансакциите кои биле направени со "ЛОЗАР ПЕЛИСТЕРКА" ДООЕЛ Скопје по комерцијални цени како и за останатите купувачи се следните:

Вкупен промет во 2012 година

Набавки на стоки и услуги	12.863	илјади денари
Продажба на производи и услуги	-	илјади денари

Состојба со поврзани субјекти на 31 Декември 2012 година

Обврски	833	илјади денари
Побарувања	-	илјади денари

Трансакциите кои биле направени со "ЕУРОДИСТРИБУЦИЈА" ДООЕЛ Скопје по комерцијални цени како и за останатите купувачи се следните:

Вкупен промет во 2012 година

Набавки на стоки и услуги	-	илјади денари
Продажба на производи и услуги	134.128	илјади денари

Состојба со поврзани субјекти на 31 Декември 2012 година

Обврски	-	илјади денари
Побарувања	85.439	илјади денари

Трансакциите кои биле направени со "ПЕЛИСТЕРКА ТРАНС" ДООЕЛ Скопје по комерцијални цени како и за останатите купувачи се следните:

Вкупен промет во 2012 година

Набавки на стоки и услуги	15.950	илјади денари
Продажба на производи и услуги	-	илјади денари

Состојба со поврзани субјекти на 31 Декември 2012 година

Обврски	4.422	илјади денари
Побарувања	-	илјади денари

35. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Девизните курсеви користени при евидентирање на странските трансакции и усогласување на ден 31 Декември 2012 година за финансиско известување на билансните позиции се следните:

	во денари	
	2012	**2011**
1 ЕУР	61,5000	61,5050
1 УСД	46,6510	47,5346

36. ИНФОРМАЦИЈА ЗА СУДСКИ СПОРОВИ

Друштвото води неколку судски спорови за побарувања за главен долг во износ од 14.579 илјади денари. По овие судски спорови може да произлезат приливи на средства што не може прецизно да се квантифицираат до завршувањето на споровите.

Против Друштвото се водат судски спорови за обврски во износ од 26.989 илјади денари од кои за судски спор во износ од 23.159 илјади денари добиен во корист на друштвото, но повторно е во судска постапка по ревизија. По овие судски спорови може да произлезат одливи на средства што не може прецизно да се квантифицираат до завршувањето на споровите.

37. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

По датумот на извештајот за финансиската состојба (31 Декември 2012) не се случиле позначајни промени кои треба да се обелоденат во овие финансиски извештаи.

КНИ-ПРОКОМ
Друштво за ревизија и проценка
Крушевска 21
7500 Прилеп
Тел./Факс: +389 (0) 48 412-505
www.kniprokom.com.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До
Акционерите на
"ПЕЛИСТЕРКА" АД
Прилеп

Извршивме ревизија на приложениот консолидиран Извештај за финансиска состојба на "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје со состојба на ден 31 Декември 2012 година, и консолидираниот биланс на успех, консолидираниот извештај за сеопфатна добивка, консолидираниот извештај за промени во капиталот, консолидираниот извештај за паричните текови за годината која завршува со тој ден и преглед на значајните сметководствени политики и останатите белешки.

Консолидираните финансиски извештаи ги сочинуваат финансиските извештаи на ПЕЛИСТЕРКА АД Скопје, како матично друштво и "ЛОЗАР ПЕЛИСТЕРКА" ДООЕЛ Скопје, "ЕУРО ДИСТРИБУЦИЈА" ДООЕЛ Скопје,"ПЕЛИСТЕРКА ТРАНС" ДООЕЛ СКОПЈЕ, како подружници. ПЕЛИСТЕРКА АД Скопје е капитално поврзана странка со овие две друштва врз основа на сопственост на 100% од уделите на овие друштва.

Одговорност на раководството за консолидираните финансиски извештаи

Раководството е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување. Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементирање и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално значајно погрешни прикажувања, без разлика дали истото е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и подготвување на соодветни проценки кои се разумни во дадените околности.

Одговорност на ревизорот

Нашата одговорност е да изразиме мислење за овие консолидирани финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали консолидираните финасиски извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во консолидираните финансиски извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во консолидираните финансиски извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценување на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на консолидираните финансиски извештаи на друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на друштвото.

3

ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (продолжение)

Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на консолидираните финансиски извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа на нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според нашето мислење, консолидираните финансиски извештаи ја презентираат реално и објективно, во сите материјални аспекти, консолидираната финансиска состојба на "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје, заклучно со 31 Декември 2012 година, како и консолидираните резултати од неговото работење, консолидираните извештаи за промени во капиталот и консолидираните парични текови за годината завршена тогаш, во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување.

Извештај за други правни и регулативни барања

Менаџментот на Друштвото е одговорен и за подготвување на годишниот извештај за работата согласно Законот за Трговски Друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај е конзистентен со годишната сметка и консолидираните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 Декември 2012 година.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните консолидирани финансиски извештаи на "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје за годината која завршува на 31 Декември 2012 година.

Прилеп, 11 Февруари 2013 година.

Овластен ревизор
Проданоска Доста

Друштво за ревизија и проценки
"КНИ - ПРОКОМ"

Друштво за ревизија и проценки Доста Проданоска „КНИ-ПРОКОМ" Дооел Прилеп

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје

КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ

за годината која завршува на 31 Декември 2012 година

во илјади денари

	Белешка	2012	2011
Приходи од продажба	7	579.896	537.603
Останати оперативни приходи	8	15.242	56.524
Вкупно оперативни приходи		**595.138**	**594.127**
Промена на вредноста на залихите на готовите производи и производство во тек	9		
Потрошени материјали, инвентар и резервни делови	10	(196.102)	(198.188)
Набавна вредност на продадени стоки	11	(89.538)	(107.102)
Трошоци за вработените	12	(50.264)	(51.416)
Амортизација	13	(49.513)	(50.141)
Останати оперативни трошоци	14	(173.397)	(155.630)
Вкупно оперативни расходи		**(558.813)**	**(562.977)**
Добивка од оперативно работење		**36.325**	**31.150**
Финансиски приходи	15	11.757	5.823
Финансиски расходи	16	(30.136)	(23.292)
Добивка пред оданочување	17	**17.946**	**13.681**
Данок од добивка	18	3.862	3.348
Нето добивка за периодот	19	**14.084**	**10.333**
Основна заработувачка по акција (во денари)	20	326,87	236,28

Белешките се составен дел на консолидираните финансиски извештаи

Одборот на Директори на "Пелистерка" АД Скопје ги одобрил овие консолидирани финансиски извештаи на 08.02.2013 година.

Извршен директор	Извршен Директор	Финансиски директор
Весна Белеповска-Бунтеска	Дејан Панделоски	Анита Главевска

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје

КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

за годината која завршува на 31 Декември 2012 година

во илјади денари

	Белешки	2012	2011
Добивка за годината		**14.084**	**10.333**
Останата сеопфатна добивка:		-	-
Курсни разлики од преведување на странски работења			
Финансиски средства расположливи за продажба			
Хеџирања на парични текови			
Добивка од ревалоризација на непокретности			
Актуарска добивка/(загуба) од пенсиски планови на дефинирани користи			
Удел во сеопфатна добивка на здружени субјекти			
Данок на добивка кој се однесува на компоненти од останата сеопфатна добивка		-	-
Нето сеопфатна добивка за годината		-	-
ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА		**14.084**	**10.333**

Белешките се составен дел на консолидираните финансиските извештаи

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје

КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
на ден 31 Декември 2012 година

во илјади денари

	Белешки	2012	2011
СРЕДСТВА			
Тековни средства			
Парични средства и хартии од вредност	21	53.794	1.069
Побарувања од купувачи	22	145.783	132.325
Останати краткорочни побарувања	23	8.708	6.508
Краткорочни финансиски средства	24	94.387	-
Платени трошоци за идните периоди		-	-
Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции	25	70	
Залихи	26	206.712	194.903
Аванси за нематеријални и материјални средства		-	-
Вкупно тековни средства		**509.454**	**335.705**
Нетековни средства			
Долгорочни побарувања		-	-
Нематеријални и материјални средства	27	431.555	437.447
Долгорочни финансиски средства	28	876	906
Вкупно нетековни средства		**432.431**	**438.353**
ВКУПНО СРЕДСТВА		**941.885**	**774.058**
ОБВРСКИ И КАПИТАЛ			
Тековни обврски			
Обврски спрема добавувачите	29	124.127	94.608
Останати краткорочни обврски	30	12.290	12.973
Краткорочни кредити	31	160.861	99.590
Одложени плаќања на трошоци во идни периоди		-	-
Примени аванси, краткорочни депозити и кауции	32	3.192	3.217
Вкупно тековни обврски		**300.470**	**210.388**
НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ			
Долгорочни кредити	33	279.958	216.321
Долгорочни резервирања		-	-
Вкупно нетековни обврски		**279.958**	**216.321**
КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ			
Акционерски капитал	34	156.505	156.505
Откупени сопствени акции	34	(280)	(280)
Резерви	34	13.749	11.469
Акумулирана добивка	34	177.399	169.322
Добивка за финансиска година	34	14.084	10.333
Вкупно капитал и резерви		**361.457**	**347.349**
Малцинско учество		-	-
ВКУПНО ОБВРСКИ И КАПИТАЛ		**941.885**	**774.058**

Белешките се составен дел на конзолидираните финансиски извештаи

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје

КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК

за година која запрнува на 31 Декември 2012

Опис	во илјади денари 2012	2011
А. Готовински текови од оперативно работење		
Нето добивка (загуба)	**14.084**	**10.333**
Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства:		
Амортизација	49.513	50.341
Резервации за трошоци	-	-
Приходи од отпис на обврски и вишоци	(2.288)	(4.956)
Расходи од отпис на побарувања и кусоци	6.477	944
Готовински текови од работење	**67.786**	**56.662**
Побарувања од купувачи	(15.357)	2.765
Останати краткорочни побарувања	(2.200)	4.686
Краткорочни финансиски средства	(94.387)	336
Платени трошоци за идните периоди		
Побарувања за дадени аванси депозити и кауции	(70)	8
Залихи	(16.387)	(6.014)
Аванси за нематеријални и материјални средства	-	
Побарувања од субјектот вра основа на учество во вложувања		-
Обврски по основ учество во резултатот		-
Обврски спрема добавувачи	31.807	(28.150)
Останати краткорочни обврски	(683)	(9.089)
Краткорочни обврски од финансирање	61.271	44.322
Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди (ПВР)	-	(2.165)
Примени аванси, краткорочни депозити и кауции	(25)	(4.079)
Нето готовински текови од оперативно работење	**31.755**	**59.282**
Б. Готовински текови од инвестиционо работење		
Долгорочни побарувања	-	
Материјални вложувања	(44.199)	40.799
Расходи и оттуѓувања/намалувања	578	(45.324)
Долгорочни финансиски средства	30	-
Нето готовински текови од инвестиционо работење	**(43.591)**	**(4.525)**
В. Готовински текови од финансиско работење		
Обврски по долгорочни кредити	63.637	(48.286)
Долгорочни резервирања	-	
Капитал	24	(5.567)
Нето готовински текови од финансиско работење	**63.661**	**(53.853)**
НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ (НАМАЛУВАЊЕ) НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА	**51.825**	**904**
Парични средства на почеток на годината	**1.969**	**1.065**
Парични средства на крајот на годината	**53.794**	**1.969**

Белешките се составен дел на консолидираните финансиски извештаи

Консолидирани финансиски извештаи за 2012 година 8

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје

КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ
за годината која завршува на 31 Декември 2012 година

2012 во илјади денари

	Акционерски капитал	Откупени сопствени акции	Резерви	Акумулирана добивка	Вкупно
Состојба 01.01.2012 година	**156.505**	**(280)**	**11.469**	**179.655**	**347.349**
Добивка за финансиска година	-		-	14.084	**14.084**
Распределба на добивката за 2011 година во корист на капиталот и резервите	-		100	(100)	-
Расконжување на земјиште					-
Покривање на загубата на терет на капиталот	-		-	-	-
Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите				24	**24**
Состојба 31.12.2012 година	**156.505**	**(280)**	**11.569**	**193.663**	**361.457**

2011 во илјади денари

	Акционерски капитал	Откупени сопствени акции	Резерви	Акумулирана добивка	Вкупно
Состојба 01.01.2011 година	**156.505**	**(280)**	9.340	177.018	**342.583**
Добивка за финансиска година				10.333	**10.333**
Распределба на добивката за 2010 година во корист на капиталот и резервите	-		2.129	(2.129)	-
Расконжување на земјиште				(6.020)	**(6.020)**
Покривање на загубата на терет на капиталот	-		-	-	-
Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите			-	453	**453**
Состојба 31.12.2011 година	**156.505**	**(280)**	**11.469**	**179.655**	**347.349**

Белешките се составен дел на конзолидираните финансиски извештаи

1. ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРУШТВОТО

Фирма: Друштво за производство и трговија "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје.

Друштвото за производство и трговија "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје е настанато во процес на трансформација на претпријатието во општествена сопственост Агроиндустриски комбинат "ЛОЗАР" од Битола. После трансформацијата работи под името "ЛОЗАР ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје. На 18.06.2010 година, собранието на акционери носи Одлука за промена на името во Друштво за производство трговија "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје. Промената е запишана во Централниот депозитар на Р.Македонија .

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје е матично друштво. Консолидираните финансиски извештаи за годината што завршува на 31 Декември 2012 се состојат од финансиските извештаи на "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје како матично друштво и финансиски извештаи на подружниците: "ЕУРО ДИСТРИБУЦИЈА" ДООЕЛ Скопје, "ЛОЗАР ПЕЛИСТЕРКА" ДООЕЛ Скопје и "ПЕЛИСТЕРКА ТРАНС" ДООЕЛ Скопје. Матичното друштво "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје е сопственик на 100% на уделите на подружниците.

На ден 31 Декември 2012 година број на вработени на матичното друштво со неговите подружници изнесува 149, а за 2011 година бројот на вработени изнесува 140 вработени.

Главнината на матичното друштво изнесува 2.565.663 ЕУР или 50.180 акции со номинална вредност на една акција од 51 ЕУР.

Седиште: Скопје, Булевар Кочо Рацин бр.97 Скопје-Центар.

Основна дејност: Основната дејност на матичното друштво е Производство на освежителни пијалоци; производство на минерална вода и друга флаширана вода, со шифра на дејност 11/07.

Покрај основната дејност, друштвото е регистрирано и работи со други дејности, меѓу кои и земјоделие, одгледување на лозови насади и производство на вина и друго.

Производните погони на друштвото се наоѓаат во Битола и Битолско.

Органи на управување

Управувањето со матичното акционерско друштвото е организирано според едностепен систем- Одбор на директори. Одборот на директори е составен од осум членови од кои два извршни членови кои го застапуваат друштвото без ограничување на овластувањето.

2. ОСНОВА ЗА СОСТАВУВАЊЕ НА КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Консолидираните финансиските извештаи на "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје, се изготвени во согласност со законските прописи, Меѓународните Сметководствени Стандарди (МСС) и Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување (МСФИ) што се прифатени и објавени во Република Македонија во Правилникот за водење сметководство (Службен Весник на РМ бр. 159/09, 164/10 и 107/11).

Консолидираните финансиски извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако не е поинаку наведено.

Консолидираните финансиски извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност.

Консолидираните финансиски извештаи се подготвени врз претпоставката за континуитет, односно дека претпријатието ќе продолжи со своето работење во некое непредвидено време.

При подготвувањето на консолидираните финансиски извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Некои ставки во консолидираните финансиски извештаи се проценуваат затоа што неможат прецизно да се измерат. Проценувањето вклучува расудувања што се засновани на последни расположливи информации.

Подружници

Подружниците се целосно консолидирани од моментот на воспоставување контрола од страна на матичното друштво врз истите.Со консолидацијата меѓусебните трансакции се целосно елиминирани. Приложените консолидирани финансиски извештаи ги опфаќаат финансиските извештаи на матичното друштво "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје и следните подружници:

	2012 год. % на учество	2011 год. % на учество
"Еуро дистрибуција" ДООЕЛ Скопје со основна главнина 5.267 илјади денари	100%	100%
"Лозар Пелистерка" ДООЕЛ со основна главнина од 369 илјади денари	100%	100%
"Пелистерка транс" ДООЕЛ со основна главнина од 308 илјади денари	100%	100%

3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Прегледот на позначајните сметководствени политики применети при изготвување на консолидираните финансиски извештаи за 31.12.2012 година се прикажани во понатамошниот текст.

3.1 Приходи од продажба

Приходите од продажба се признаваат кога на купувачот се пренесени сите значајни користи и ризици од сопственоста на производите и кога е очекувано дека идни економски користи ќе притечат во друштвото и кога овие користи можат да бидат реално измерени. Приходите од продажба се искажуваат по принципот на фактурирана реализација.

3.2 Потрошени материјали и резервни делови

Потрошените материјали и резервни делови ги опфаќаат сите трошоци што се настанати во однос на фактурираната реализација, трошоци потребни за остварување на основната дејност на друштвото.

3.3 Трошоци за тековно и инвестиционо одржување

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување на градежните објекти, основните средства, поправка на опремата и сл. се покриваат од приходите на пресметковниот период кога ќе настанат. Реконструкциите и адаптациите со кои се менува капацитетот или намената на основните средства, се книжат односно искажуваат како зголемување на вредноста на основните средства.

3.4 Приходи од камати

Каматите настанати по основ на денарски влогови и побарувања од деловните односи се признаваат во Билансот на Успехот кога доспеваат и се искажуваат како останати приходи од камати во рамките на финансиските приходи.

3.5 Камата како расход

Каматите настанати по основ на деловни обврски како и по основ на финансиски обврски, пресметани до датумот на извештајот за финансиска состојба, се искажуваат во билансот на успех како останати расходи од камати во рамките на финансиските расходи. Каматите се признаваат како расход во периодот во кој настапуваат.

3.6 Основни средства

Набавките на основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурираната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Позитивната разлика настаната при продажбата на основните средства се книжи непосредно во корист на капитална добивка, а негативната разлика се книжи на товар на капитална загуба. Неотписаната вредност на отпуѓените и расходовани основни средства се книжи на товар на останатите расходи. Постојаните средства се поделени во групи и подгрупи, врз кои што се пресметува амортизација се додека овие средства целосно не се отписат.

3.7 Амортизација

Амортизацијата на основните средства се пресметува по стапки пропишани во Номенклатурата на средствата за амортизација. Набавната или реваморизирана вредност на основните средства се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употребата на основните средства. Амортизација не се пресметува на земјиштето Пропишаните стапки на амортизација кои се применуваат за основните средства што ги поседува "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје се:

	Годишна стапка
Градежни објекти	2,5-10%
Опрема	5-25%
Долгогодишни насади	10%
Транспортни средства, компјутери	25%

3.8 Побарувања по основ на продажба

Побарувањата по основ на продажба ги опфаќаат сите побарувања по основ на продажба на сопствени производи и услуги и се искажуваат според номинална вредност, намалени за лоши и несигурни побарувања.

3.9 Залихи

Залихите се искажуваат според износот на трошоците на нивната набавна или нето реализациона вредност, во зависност од тоа која од нив е пониска.

Залихите на суровини и материјали и на резервни делови се вреднуваат по просечни цени. Недовршеното производство и готовите производи се искажуваат по нето реализациона цена.

Ситниот инвентар, алатот и авто гумите се отпишуваат 100% од вредноста при ставање во употреба. Трговските стоки се искажуваат по просечни цени.

3.10 Парични средства

Паричните средства и паричните еквиваленти се состојат од готовина во благајната, парични средства на жиро сметката во банки и девизни средства на жиро сметката кај деловните банки. Паричните средства се искажуваат според номинален износ.

3.11 Курсни разлики

Пресметката на сите средства, односно побарувања и обврски во странски средства на плаќање, се врши во денарска противвредност по среден курс, важечки на денот на извештајот за финансиска состојба што го објавува Народна Банка на Република Македонија. Позитивните, односно негативните курсни разлики од оваа пресметка во текот на годината претставуваат приход , односно расход на билансот на успех.

3.12 Обврски

Краткорочните и долгорочните обврските ги опфаќаат обврските спрема добавувачите, спрема вработени, обврски за примени аванси, обврски спрема даноци и придонеси, обврски по основ на заеми кредити и обврски од резултатот. Овие обврски се искажуваат според нивната номинална вредност искажана на сметководствениот документ, зголемени за камати согласно договорите.

3.13. Данок од добивка

Согласно применливата законска регулатива, Данокот од добивка се пресметува и плаќа согласно одредбите на Законот за данок на добивка по стапка од 10%. Основа за пресметување на данокот на добивка се даночно непризнати расходи и помалку искажани приходи, корегирани за даночен кредит, како и на распределената добивка за дивиденди. Нераспределената добивка не се оданочува.

3.14. Краткорочни финансиски вложувања

Краткорочните финансиски вложувања се искажуваат според номинална вредност.

3.15 Вложувања

Вложувањата расположливи за продажба се состојат од долгорочни вложувања во хартии од вредност кај претпријатија и финансиски институции, искажани според нивната набавна вредност во моментот на вложувањето, зголемени за износот на распоредената добивка. Почетно вложувањата се искажуваат по набавна вредност, односно според износот на парични средства и еквиваленти на парични средства платени за нивна набавка. Последователно вложувањата наменети за продажба се мерат според објективната вредност определена според последната пазарна цена на истите на датумот на извештајот за финансиска состојба за оние за кои има активен пазар, додека за оние вложувања за кои не постои активен пазар се мерат според нивната набавна вредност намалена за евентуално нивно оштетување (стечај или ликвидација).

3.16 Сопствени акции

Кога Друштвото откупува свој акционерски капитал, платените надоместоци се одземаат од вкупниот акционерски капитал како сопствени акции, се додека истите не се отпуштат. Кога таквите акции последователно се продаваат, примените надоместоци се вклучуваат во акционерскиот капитал.

4. КОРИСТЕНИ ПРОЦЕНКИ

При подготвувањето на финансиските извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Некои ставки во финансиските извештаи се проценуваат затоа што неможат прецизно да се измерат. Проценувањето вклучува расудувања што се засновани на последни расположливи информации.

5. ПРОМЕНА НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ И КОРЕКЦИЈА НА ГРЕШКИ

Сметководствените политики се применуваат од период до период на конзистентна основа. Сметководствена политика се менува доколку тоа е условено со измена или донесување на МСС или МСФИ, или доброволно, со одлука на раководството на Друштвото, ако се процени дека новата сметководствена политика води кон подобра презентација на случувањата и позициите во годишната сметка.

При ретроспективна промена во сметководствена политика, Друштвото ја применува новата сметководствена политика на компаративните податоци за претходните периоди до најраниот датум кога тоа е изводливо, исто како новата сметководствена политика да била применета отсекогаш. Кога е непрактично да се одредат ефектите врз поедиечните периоди од промената на сметководствената политика на компаративните информации, Друштвото ја применува новата сметководствена политика на сметководствените вредности за средствата и обврските на почетокот на најраниот период за кој е изводлива ретроспективна примена, што пак може да биде тековниот период и ги прави соодветните корекции на почетното салдо на секоја засегната компонента на главнината за тој период.

6. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИК

Во своето работење Друштвото е изложено на повеќе видови на финансиски ризици како што се пазарниот ризик (ризик од промена на девизните курсеви и ризик од промена на цените) кредитниот ризик, ризикот од промена на каматните стапки, ризикот од ликвидност и даночниот ризик.

6.1 Пазарен ризик

Ризик од промена на девизниот курс

Друштвото во работењето стапува во меѓународни трансакции за набавка на опрема, суровини и материјали и продажба на производи и услуги. Овие трансакции се во странска валута. Во конзолидираните финансиски извештаи се искажани во денарска противвредност која на 31 Декември 2012 година се усогласува со важечкиот среден курс на тој датум.

Друштвото не користи соодветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Македонија. Поради тоа, Друштвото е изложено на ризик поврзан со можните флуктуации на курсевите на странските валути.

Ризик од промени на цени

Друштвото е изложено на ризик од промена на пазарните цени на вложувањата расположливи за продажба.

6.2 Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање спрема Друштвото.

6.3 Каматен ризик

Друштвото е изложено на ризик од промени на каматните стапки кога користи кредити и кога има депонирани средства во банки. Обврските по кредити вообичаено се отплатуваат по променливи каматни стапки. Депозитите вложени во банки исто така се подложни на промени на каматните стапки зависни од движењата на финансиските пазари. Ова го изложува Друштвото на можен ризик од промени на каматните стапки.

Друштвото нема посебна политика за намалување на каматниот ризик и истиот го регулира преку директни преговори со банките.

6.4 Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски и Друштвото нема вакви проблеми во своето работење.

6.5 Даночен ризик

Согласно законските прописи во РМ, финансиските извештаи и сметководствените евиденции на Друштвото подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесувањето на даночните извештаи за годината. Според ова, постои даночен ризик за пресметка на дополнителни даноци и придонеси во случај на една контрола од страна на даночните власти за 2012 година.

6.6 Финансиски ризик

Друштвото го следи ризикот од финансирање преку показателот за задолженост. Овој показател се пресметува како однос меѓу нето обврските и вкупниот капитал. Нето обврските се пресметуваат како разлика помеѓу вкупните кредити (краткорочни и долгорочни) и паричните средства. Раководството на "ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје врши редовно следење на кредитната задолженост.

	2012	2011
Обврски по кредити	440.819	315.911
Парични средства	-53.794	-1.969
Нето обврски по кредити	**387.025**	**313.942**
Капитал и резерви	361.457	347.349
% на кредитна задолженост	**107,0736**	**90,3823**

7. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Приходи од продажба на добра, (производи,стоки) и услугина поврзани друштва во земјата	1.175	-
Приходи од продажба на добра, (производи) и услуги во земјата	529.668	516.058
Приходи од продажба на добра (производи, стоки) и услуги во странство	46.027	20.031
Приходи од продажба на материјали, резервни делови и отпадоци	2.243	-
Останати приходи од продажба на неповрзани друштва	783	1.514
Вкупно	**579.896**	**537.603**

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје

Белешки кон консолидираните финансиските извештаи

8. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Приходи по основ на употреба на сопствени добра (производи, стоки) и услуги	8.801	13.078
Приходи од вредносно усогласување на материјални средства	55	-
Приходи од вредносно усогласување на залихи	8	-
Добивки од продажба на нематеријални и материјални средства	-	15.058
Виноци	795	4.865
Приходи од наплатени отписани побарувања и приходи од отпис на обврските	1.493	91
Приходи врз основа на ефекти од договорена заштита од ризик	179	-
Останати приходи од работењето	3.911	23.432
Вкупно	**15.242**	**56.524**

9. ПРОМЕНА НА ВРЕДНОСТА НА ЗАЛИХИТЕ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Залихи на недовршено производство и готови производи на почетокот на годината	88.968	88.968
Залихи на недовршено производство и готови производи на крајот на годината	(88.968)	(88.968)
Состојба на 31 Декември	-	-

10. ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ И РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Трошоци за суровини и материјали (за производство)	188.787	184.768
Трошоци за материјали (за администрација, управа и продажба)	594	10.666
Трошоци за резервни делови и материјали за одржување (за производство)	2.874	490
Трошоци за резервни делови и материјали за одржување (за администрација, управа и продажба)	2.389	95
Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за производство)	464	2.369
Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за администрација, управа и продажба)	994	-
Вкупно	**196.102**	**198.388**

11. НАБАВНА ВРЕДНОСТ НА ПРОДАДЕНИТЕ СТОКИ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Набавна вредност на продадени (добра) стоки	89.536	107.242
Набавна вредност на продадени материјали,резервни делови и отпадоци	2	60
Вкупно	**89.538**	**107.302**

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје

Белешки кон консолидираните финансиските извештаи

12. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Трошоци за нето плати	32.562	32.892
Даноци и придонеси од плати	14.529	15.026
Дневници за службени патувања и патни трошоци	2.766	1.626
Надомест на трошоците на вработените, подароци и помошти	406	1.772
Вкупно	**50.263**	**51.316**

13. АМОРТИЗАЦИЈА

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Трошоци за амортизација (за производство)	41.109	41.174
Трошоци за амортизација на биолошки средства	2.424	2.523
Трошоци за амортизација (за администрација, управа и продажба)	5.980	6.644
Вкупно	**49.513**	**50.341**

14. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Трошоци за енергија (за производство)	31.479	24.661
Трошоци за енергија (за администрација, управа и продажба)	6.506	-
Транспортни услуги	5.880	5.562
Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет	2.679	
Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги	431	1.805
Услуги за одржување и заштита	6.661	2.174
Наем - лизинг	4.022	2.493
Комунални услуги	576	-
Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и саеми	36.887	
Останати услуги	5.734	6.073
Трошоци за надомест и други примања на членовите на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители	4.257	1.467
Трошоци за спонзорства и донации	2.213	9.662
Трошоци за репрезентација	30.659	48.558
Трошоци за осигурување	2.167	597
Банкарски услуги и трошоци за платен промет	1.776	2.323
даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки	1.887	8.717
Трошоци за користење на права (лизинг, наем)	6.917	-
Останати трошоци на работењето	11.954	13.289
Вредносно усогласување (обезвреднување) на нематер. средства	-	14.901
Вредносно усогласување (обезвреднување) на долгорочни побарувања, депозити и слично	-	8.071
Вредносно усогласување (обезвреднување) на краткор. побарувања	359	283
Кусоци, кало, растур, расипување и кршење	4.578	944
Расходи по основ на директни отписи на побарувања	1.899	-
Расходи за дополнително одобрени попусти, рабат, рекламации и дадени примероци	3.402	
Казни, пенали, надоместоци за штети и друго	77	174
Останати расходи од работењето	397	3.876
Вкупно	**173.397**	**155.630**

15. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Приходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва	9.014	5.823
Приходи врз основа на позитивни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва	113	-
Останати финансиски приходи	2.630	-
Вкупно	**11.757**	**5.823**

16. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Расходи врз основа на камати од работењето	-	58
Расходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва	27.393	22.399
Расходи врз основа на негативни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва	709	835
Останати финансиски расходи од поврзани друштва	2.034	-
Вкупно	**30.136**	**23.292**

17. ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Добивка пред оданочување	17.946	13.681
Вкупно	**17.946**	**13.681**

18. ДАНОК ОД ДОБИВКА

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Даночен ефект од расходи кои се оданочуваат (непризнати расходи)	3.862	3.348
Вкупно	**3.862**	**3.348**

19. НЕТО ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Добивка по оданочување	14.084	10.333
Вкупно	**14.084**	**10.333**

20. ОСНОВНА ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА

	2012	2011
Заработувачка која им припаѓа на имателите на акции (во илјади денари)	14.084	10.333
Пондериран просечен број на обични акции во оптек	41.402	41.402
Основна заработувачка по акција (во денари)	**326,87**	**236,28**

Основната заработувачка по акција се пресметува со делење на нето добивката која им припаѓа на имателите на обични акции (по намалувањето за делот од добивката по одапочување за имателите на приоритетни акции) со пондерираниот просечен број на обични акции во оптек во текот на годината.

21. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

	во илјади денари	
	2012	2011
Парични средства на трансакциска сметки во денари	1.015	1.258
Парични средства во благајна	57	121
Девизни сметки	937	17
Парични средства во благајна во странска валута	2	2
Депозити парични еквиваленти	50.800	-
Хартии од вредност-готовински еквиваленти	535	123
Останати парични средства	448	448
Состојба на 31 Декември	**53.794**	**1.969**

22. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

	во илјади денари	
	2012	2011
Купувачи во земјата	125.339	115.554
Купувачи во странство	18.742	15.391
Останати побарувања	1.233	1.280
Побарувања од поврзани друштва врз основа на продажба на добра и услуги во земјата	469	100
Состојба на 31 Декември	**145.783**	**132.325**

23. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

	во илјади денари	
	2012	2011
Данок на додадена вредност	-	226
Побарувања за повеќе платен данок на добивка, данок на вкупен приход, и данок на приход платен на странско правно лице	85	-
Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања	1.361	129
Побарувања од вработените	6.172	6.153
Останати побарувања	1.090	-
Состојба на 31 Декември	**8.708**	**6.508**

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје
Белешки кон консолидираните финансиските извештаи

24. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Краткорочни кредити и заеми во земјата	94.387	-
Состојба на 31 Декември	**94.387**	**-**

24/а Аналитика по друштва

	во илјади денари	
	2012	**2011**
ТЦИП Продукт Скопје	1.735	-
ТИМ ДГ ДОО Скопје	18.707	-
ТИМОХ ДОО Скопје	69.544	-
Останати кредити и заеми	4.319	
МАТО КО ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ	82	-
Состојба на 31 Декември	**94.387**	**-**

25. ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Аванси, депозити и кауции за суровини и материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми	70	-
Состојба на 31.Декември	**70**	**-**

26. ЗАЛИХИ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Суровини и материјали на залиха	26.853	30.582
Суровини и материјали во доработка, обработка и манипулацијанат	-	68
Залиха на резервни делови	1.883	2.055
Ситен инвентар на залиха	52	-
Ситен инвентар во употреба	3.590	3.617
Залиха на амбалажа	14.096	10.790
Амбалажа во употреба	75.342	65.697
Залиха на автогуми	2	-
Автогума во употреба	12	-
Вредносно усогласување на залихите на ситен инвентар и автогуми	(16.908)	(17.583)
Производство (изградба) во тек	24.144	-
Производство во обработка, доработка и манипулација	36.224	42.613
Производи на залиха	28.600	46.355
Вкалкулирани акцизи	292	16
Стоки на залиха	12.530	10.693
Состојба на 31 Декември	**206.712**	**194.903**

27. НЕМАТЕРИЈАЛНИ И МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

За обезбедување на кредит во износ од 339.532 илјади денари земен од страна на НЛБ ТУТУНСКА БАНКА Скопје, друштвото има запишано хипотека на недвижен имот во Медитлија, земјиште, градежи и опрема и Ладилник градежи и опрема.

За обезбедување на кредит во износ од 20.900 илјади денари земен од страна на Охридска Банка Охрид запишано е обезбедување на побарување од Нова Трејд ЦО2, и управна зграда во Скопје.

За обезбедување на кредит во износ од 47.970 илјади денари земен од страна на Стопанска банка Битола запишана е хипотека на Вицара и тоа на земјиште,градежи и опрема.

Состојбата и промените на ревалоризираната набавна вредност на материјалните средства и нивната исправка на вредност на ден 31 Декември 2012 година се прикажани во следната табела:

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје

Белешки кон консолидираните финансиските извештаи

КОНСОЛИДИРАНИ ПРОМЕНИ КАЈ МАТЕРИЈАЛНИТЕ И НЕМАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА

2012 во илјади денари

	Земјиште	Градежни објекти	Постројки и опрема	Алат и канцелар., мебел и транс. средства опрема	Биолошки средства	Материјални средства во подготовка	ВКУПНО МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА	Нематеријални средства	ВКУПНО
Набавна или ревалоризирана вредност									
Состојба на ден 01 Јануари 2012	**30.349**	**245.148**	**473.724**	**105.503**	**42.878**	**6.222**	**903.824**	-	**903.824**
Набавки во текот на годината	1.601	3.921	4.775	10.283		35.834	56.414	-	**56.414**
Пренос од средства во подготовка	-	-	-			(12.215)	(12.215)	-	**(12.215)**
Вкупни зголемувања:	**1.601**	**3.921**	**4.775**	**10.283**	-	**23.619**	**44.199**	-	**44.199**
Расходувања/ Продажби				(781)			(781)		**(781)**
Состојба на ден 31. Декември 2012	**31.950**	**249.069**	**478.499**	**115.005**	**42.878**	**29.841**	**947.242**	-	**947.242**
Исправка на вредност									
Состојба на ден 01 Јануари 2012		**81.538**	**274.810**	**78.626**	**31.406**	-	**466.380**	-	**466.380**
Амортизација за тековната година	-	5.924	32.118	9.046	2.425	-	49.513	-	**49.513**
Расходи и отуѓувања	-	-	-	(203)	-	-	(203)	-	**(203)**
Состојба на ден 31.Декември 2012	**-**	**87.462**	**306.928**	**87.469**	**33.831**	**-**	**515.690**	**-**	**515.690**
Неотп. предн. на осн.пред 31.Дек.2012	**31.950**	**161.607**	**171.571**	**27.536**	**9.047**	**29.841**	**431.555**	**-**	**431.555**

2011 во илјади денари

	Земјиште	Градежни објекти	Постројки и опрема	Алат и канцелар., мебел и транс. средства опрема	Биолошки средства	Материјални средства во подготовка	ВКУПНО МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА	Нематеријални средства	ВКУПНО
Набавна или ревалоризирана вредност									
Состојба на ден 01 Јануари 2011	**36.300**	**231.920**	**457.904**	**130.285**	**42.878**	**73.195**	**972.482**		**972.482**
Набавки во текот на годината	70	13.228	15.820	(2.947)		6.275	32.447		**32.447**
Пренос од средства во подготовка						(73.249)	(73.249)		**(73.249)**
Вкупни зголемувања:	**70**	**13.228**	**15.820**	**(2.947)**	-	**(66.973)**	**(40.802)**	-	**(40.802)**
Расходувања/ Продажби	(6.021)			(21.835)			(27.856)		**(27.856)**
Состојба на ден 31. Декември 2011	**30.349**	**245.148**	**473.724**	**105.503**	**42.878**	**6.222**	**903.824**	-	**903.824**
Исправка на вредност									
Состојба на ден 01 Јануари 2011	-	**76.117**	**288.289**	**95.931**	**28.881**		**489.218**		**489.218**
Амортизација за тековната година	-	5.575	44.794	(2.552)	2.525		50.342		**50.342**
Расходи и отуѓувања		(154)	(58.273)	(14.753)			(73.180)		**(73.180)**
Состојба на ден 31.Декември 2011		**81.538**	**274.810**	**78.626**	**31.406**	-	**466.380**	-	**466.380**
Неотп. предн. на осн.пред 31.Дек.2011	**30.349**	**163.610**	**198.914**	**26.877**	**11.472**	**6.222**	**437.447**	-	**437.447**

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје

Белешки кон консолидираните финансиските извештаи

28. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Вложувања во друштва (акции, удели)	740	769
Вложувањеце во банки	136	137
Состојба на 31.Декември	**876**	**906**

28.1 Вложувања во подружници

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Маконак ДОО Скопје	651	652
Илинден Делчево	89	117
Состојба на 31.Декември	**740**	**769**

28.2 Вложувања во банки

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Силекс Банка АД Скопје	136	137
Состојба на 31.Декември	**136**	**137**

29. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Обврски спрема добавувачи во земјата	75.873	51.415
Обврски спрема добавувачи во странство	48.254	43.193
Состојба на 31 Декември	**124.127**	**94.608**

30. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Обврски з данок на додадена вредност	2.493	1.883
Обврски за акцизи	1.148	884
Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци на плата	1.311	918
Обврски за персонален данок на доход	2	-
Обврски за останати даноци,придонеси и други давачки	2.277	4.235
Обврски за плати и надомести на плати	2.563	2.249
Обврски за надоместоци на трошоците на вработените	661	657
Останати обврски спрема вработените врз основа на колективни договори	7	-
Останати обврски спрема вработените	1.828	2.147
Состојба на 31 Декември	**12.290**	**12.973**

31. КРАТКОРОЧНИ КРЕДИТИ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Краткорочни обврски основ на заеми и кредити во земјата	160.861	99.590
Состојба на 31.Декември	**160.861**	**99.590**

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје

Белешки кон консолидираните финансиските извештаи

31.1 Аналитика по банки

во илјади денари

	2012	Валута	2011
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје (денарски со девизна клаузула)	15.376	02.03.2013	19.682
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје (денарски)	28.300	04.01.2014	
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје (денарски)	70.000	11.01.2014	
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје (денарски)	5.000	03.05.2013	
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје (денарски)	20.000	14.09.2013	
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје (денарски со девизна клаузула)			19.682
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје (денарски со девизна клаузула)			15.376
Охридска банка Охрид	20.900	01.03.2013	
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје (денарски)	-		14.000
Охридска Банка АД (денарски)	-		30.752
Останати краткор. Кредити (камата)	1.285		98
Состојба на 31.Декември	**160.861**		**99.590**

Краткорочните кредити се обезбедени со имот на друштвото.

32. ПРИМЕНИ АВАНСИ, КРАТКОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ

во илјади денари

	2012	2011
Примени краткорочни депозити и кауции (гаранции)	3.192	3.217
Состојба на 31.Декември	**3.192**	**3.217**

33. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

во илјади денари

	2012	2011
Долгорочни обврски врз основа на заеми и кредити во земјата и странство	279.958	216.321
Состојба на 31 Декември	**279.958**	**216.321**

33.1 Аналитика по банки

во илјади денари

	2012	Валута	2011
НЛБ Тутунска Банка Девизен кредит	3.168	01.03.2017	172.094
НЛБ Тутунска Банка Девизен кредит	53.498	01.04.2017	-
НЛБ Тутунска Банка Девизен кредит	79.204	01.02.2017	-
НЛБ Тутунска Банка Девизен кредит	29.132	15.01.2015	42.082
НЛБ Тутунска Банка Девизен кредит	35.854	26.06.2016	-
Стопанска Банка Битола Девизен кредит	47.970	31.01.2017	
Македонска Банка за Поддршка на Развојот	30.750	25.01.2014	
Лондонски Клуб	-	-	2.145
Останати кредити (дол.камати)	382	-	-
Состојба на 31.Декември	**279.958**		**216.321**

Долгорочните кредити се обезбедени со имот на друштвото.

"ПЕЛИСТЕРКА" АД Скопје

Белешки кон консолидираните финансиските извештаи

34. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ

	во илјади денари	
	2012	**2011**
Акционерски капитал	156.505	156.505
Откупени сопствени акции	(280)	(280)
Резерви	13.749	11.469
Акумулирана добивка	177.399	169.322
Добивка на финансиската година	14.084	10.333
Вкупно капитал и резерви	**361.457**	**347.349**

Извештајот за промените на капиталот и резервите е прикажан на страна 9.

35. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Девизните курсеви користени при евидентирање на странските трансакции и усогласување на ден 31 Декември 2012 година за финансиско известување на билансните позиции се следните:

	во денари	
	2012	**2011**
1 ЕУР	61,5000	61,5050
1 УСД	46,6510	47,5346

36. ИНФОРМАЦИЈА ЗА СУДСКИ СПОРОВИ

Друштвото води неколку судски спорови за побарувања за главен долг во износ од 15.668 илјади денари. По овие судски спорови може да произлезат приливи на средства што не може прецизно да се квантифицираат до завршувањето на споровите.

Против Друштвото се водат судски спорови за обврски во износ од 26.989 илјади денари од кои за судски спор во износ од 23.159 илјади денари добиен во корист на друштвото, но повторно е во судска постапка по ревизија. По овие судски спорови може да произлезат одливи на средства што не може прецизно да се квантифицираат до завршувањето на споровите.

37. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

По датумот на консолидираниот извештај за финансиската состојба (31 Декември 2012) не се случиле позначајни промени кои треба да се обелоденат во овие финансиски извештаи.

10. ОСВРТ НА СТАТУТОТ НА ПЕЛИСТЕРКА АД СКОПЈЕ

Предмет на разгледување е актуелниот Статут на ДруШтвото, донесен на редовната седница на Собранието на ДруШтвото одржана на 18.06.2010 год..

Предмет на работење

Дејностите кои ги врШи ДруШтвото во рамките на предметот на работењето се наведени во членот 10 од Статутот.

Основна главнина и акции

Основната главнина на Друштвото изнесува 5.018.000,00 ДЕМ односно 2.565.663,00 ЕВРА во денарска противвредност *и тоа:*

- 4.140.200,оо ДЕМ односно 2.116.850,60 ЕУРО акционерски капитал по акционерска книга односно акции со право на глас што изнесува 82,51 % од основната главнина.
- 877.800,оо ДЕМ односно 448.791,56 ЕУРО капитал- приоритетни партиципативни акции на Фондот за Пензиско и инвалидско осигурување на Македонија што изнесува 17,49 % од основната главнина

Основната главнина на Друштвото е поделена на 50.180 акции .

Номиналната вредност на една акција изнесува 51 ЕВРА.

Основната главнина на Друштвото може да се зголемува или намалува само со измена на Статутот на Друштвото.

Одлуката за зголемување или намалување на основната главнина се донесува со 2/3 мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието.

За издадените акции се води книга на акции во електронска форма кај Централниот депозитар за хартии од вредност.

Одлучување и управување со ДруШтвото

Управувањето со Друштвото е организирано според едностепен систем на управување.

Органи на Друштвото се:

- Собрание на акционери и
- Одбор на директори

Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на Собранието.На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот му припаѓа право на учество во работата на собранието.

Обичните акции даваат право на глас во собранието на Друштвото, и право на дивиденда која се исплатува зависно од остварената добивка врз основа на одлука на Собранието.

Акционерите правото на глас во Собранието на акционери го остваруваат според номиналниот износ на акции. Начинот на гласање го одредува Претседавачот на Собранието, освен кога со закон тоа не е пропиШано поинаку.

Правото на акционерот да учествува во работата како и правото на глас во Собранието се остварува лично или преку именуван застапник.

Правото се остварува на начин Што една обична акција дава право на еден глас.

Уредување на односите во ДруШтвото

Внатрешните односи во Друштвото се уредуваат со Статутот, и со други акти и одлуки со кои се уредуваат конкретни прашања.
Собранието и Одборот на директори може да донесат деловници со кои ќе го уредат начинот на своето работење.
Одлуката за измените и дополнувањата на Статутот на Друштвото се вршат со 2/3 мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието.
Измените и дополнувањата на другите општи акти се вршат на начин и постапка која важи за нивното донесување.

Деловни книги и утврдување на деловниот резултат. Распределба на добивката

Одборот на директори е должен по завршувањето на секоја деловна година да состави ГодиШна сметка и ИзвеШтај за работата на ДруШтвото во претходната деловна година. Се составуваат и сметки за покуси периоди од деловната година за време одредено од Одборот на директори.

По одобрувањето на ГодиШната сметка и утврдувањето на постоењето на добивка за распределба, Собранието го определува делот кој им се доделува на акционерите во форма на дивиденда.

Престанок на друШтвото

Друштвото се основа на неопределено време.
Друштвото престанува кога ќе настапи било која од причините утврдени со закон, како и кога Собранието ќе донесе одлука за престанок на Друштвото.
Одлуката за престанок Собранието ја донесува со 2/3 мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието.

11. ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕЛЕВАНТНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПЕЛИСТЕРКА АД СКОПЈЕ

11.1. Судски процеси и постапки

Поради динамичноста на работењето и влијанието на голем број на фактори, сосема е логично Што и Пелистерка АД Скопје може да биде активен и пасивен субјект во судските процеси и постапки. Гледано во еден временски пресек до крајот од 2012 година состојбата со судските процеси и постапки на Пелистерка АД Скопје е следнава:

- ДруШтвото води неколку судски спорови за побарувања против должници за главен долг од 15668 илјади денари. По овие судски спорови може да произлезат приливи на средства што не може прецизно да се квантифицираат до завршувањето на споровите.
-
- Против ДруШтвото се водат судски спорови за обврски во износ од 26989 илјади денари, од кои за судски спор во износ од 23159 илјади денари добиен во корист на друштвото, но е повторно во судска постапка по ревизија. По овие судски спорови може да произлезат одливи на средства што не може прецизно да се квантифицираат до завршувањето на споровите.

11.2. Имот даден под хипотека

ИмаЌи ги во предвид критериумите на кредиторите (поголемо обезбедување на дадениот кредит) поради фиансирањето со позајмени средства на своето работење, Пелистерка АД Скопје дел од својот имот го има дадено под хипотека, и тоа:

Во корист на НЛБ Тутунска банка АД Скопје

Нотарски акт ОДУ бр.54/08 од 30.01.2008 Нотар Вера Караманди Битола
ОДУ бр.220/11 од 08.04.2011

1.Меџитлија Објект 6.255 м2 КП бр.692/2 КО Породин
Право на користење на ЗемјиШте 24.834 м2 (18.579 м2 двор + земј.под објект) - земјиШтето е приватизирано во 2012 год.

2.Објект Ладилник 5.449 м2 на КП.бр.5329/1 КО Битола
Право на користење на земјиШте 33.927 м2

Во корист на Стопанска банка АД Битола

Нотарски акт ОДУ .бр.103/12 од Нотар Веселинка Деребанова Крстевска

1.Објект Винарска визба пов. 3.801 м2 на КП.бр.1280 КО Г.Оризари
ЗемјиШте -сопствено 13.811 двор и земј.под објект КП.бр.1280/2
(13.811 м2 двор + 3.801 м2=17.612м2)

12. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ИНВЕСТИТОРИТЕ

Котирањето на Акционерското ДруШтво ПЕЛИСТЕРКА АД Скопје на Македонска берза АД Скопје го одобри Одборот на директори на ДруШтвото, на седница одржана на ден 11-04-2013 година, во просториите на ДруШтвото.

Во врска со котацијата, на увид може да се добијат копии од следните документи:

- Проспект

- Статут на Пелистерка АД Скопје
- Тековна состојба
- ИзвеШтаи од ревизори
-

Документите се достапни во :

-Просториите на Пелистерка АД Скопје во Скопје на ул Булевар Кочо Рацин 97 , Скопје Центар ,секој работен ден од 11.30 до 13.30 часот.

-Просториите на Пелистерка АД Скопје Меџитлија , Битола ,секој работен ден од 11.30 до 13.30 часот.

Сите документи согласно законската и берзанската регулатива на Република Македонија се достапни во просториите на ДруШтвото, покровителот и Македонска Берза.